# ПЕНЗИОНЕР плус

**СЗПМ** **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 **e-mail: kontakt@szpm.org.mk** **www.szpm.org.mk**

NLB Тутунска банка

Година V, број 50 ISSN 1857-7660 20 септември 2012 година


17 –ти Републичките пензионерски спортски натпревари

## Пензионерите заслужуваат почит и поддршка

Во преубавиот амбиент на комплексот на хотелот “NEW STAR” на 11 септември 2012 година се одржаа 17–тите Републички пензионерски спортски натпревари, во чест



на 66 години од пензионерското организирање во Македонија, 20–ти септември, Денот на пензионерите на Македонија и 21 година од самостојна и независна Македонија.

Седумнаесеттите Републички пензионерски спортски натпревари за првпат се одржаа во Скопје. На натпреварите присуствуваа 1 150 натпреварувачи и гости од цела Македонија. Задоволството и радоста заради убавото време беше зголемено со присуството на покровителот на манифестацијата претседателот на Владата на Република Македонија **Никола Груевски**. Премиерот прифаќајќи да биде покровител на натпреварите, им направи голема чест и почит на 245 000 пензионери од нашата земја. Неговото обраќање беше пропратено со аплаузи, а при обиколката на терените секој од присутните сакаше да се поздрави и да му каже неколку збора благодарност, но и за некој свој личен или заеднички пензионерски проблем.

На присутните најнапред им се обратија домаќините на манифестацијата Методија Новковски, претседател на ИО на ЗП Ѓорче Петров и градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Сокол Митровски.

Потоа на натпреварувачите и гостите им се обратија претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски и претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски.

Натпреварите се одржаа во 11 дисциплини, групни и поединечни, а се натпреваруваа 395 натпреварувачи. Најдобри резултати постигна ЗП Охрид и Дебрца кое го доби преодниот пе-




хар, а им го врачи претседателот на СЗПМ Драги Аргировски.

Спортската пензионерска олимпијада Скопје 2012 заврши во другарска и весела атмосфера, како настан кој долго ќе се памети и прераскажува меѓу пензионерите.

**К.С.Андонова**

## Средба со исклучително и историско значење за пензионерите

Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски придружуван од министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски и министерот за здравство Никола Тодоров, на 26 август остварија работна средба во просториите на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија со раководството на Сојузот: претседателот



на СЗПМ Драги Аргировски, потпретседателот на Собранието Бесник Поцеста, потпретседателот на ИО Методија Тошевски, секретарот на ИО Станка Трајкова, претседателот на ЗП Ѓорче Петров домаќин на 17–тите Републички пензионерски спортски натпревари Методија Новковски, претседателот на Комисијата за спорт Здравко Петковски, претседателот на Комисијата за здравство Стојанче Стефановски и претседателот на Комисијата за информирање и издавачка дејност Калина Сливовска – Андонова. Оваа средба има исклучително и историско значење за Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија бидејќи за првпат во 66 години пензионерско организирање во Македонија, се случува премиер со двајца најважни министри за оваа популација да го посети Сојузот.

Посакувајќи им добредојде и изразувајќи им благодарност за посетата претседателот на СЗПМ ги запозна премиерот и министрите со најзначајните активности во изминатите 17 месеци откога е избрано актуелното раководство на Сојузот. Меѓу другото тој потенцираше дека во овој период направени се значителни активности и резултати на кои е горд Сојузот, но и тој лично. Голем број од тие дејности се направени за првпат. Со изборот на новите раководства во Сојузот и во здруженијата на пензионерите се почувствувани и нови пулсирања во оваа најмасовна невладина, неполитичка и мултиетничка организација во нашата земја.

Пред сè за првпат е воспоставена многу добра соработка со Министерството за труд и социјална политика, секако благодарејќи на новата Владина политика, но и на залагањата и на поддршката на министерот Спиро Ристовски кој низ соработката покажа голема почит кон популацијата од третата доба.

Во 2011 година достојно е одбележан 65–годишниот роденден на пензионерската организација во Македонија со свечена академија, под покровителство на претседателот на државата Ѓорге Иванов кој се обрати на пензионерите и со тоа им направи голема чест.

Потоа за првпат во нашиот весник „Пензионер плус“ воведовме страница и на албански јазик, а во весникот „КОХА“ страница за пензионерите. Обновени се емисијата „Трето доба“ на МТВ, како и прилогот „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија“. Сето тоа значително придонесе и придонесува за точно и навремено информирање на пензионерите, но и на поширокота јавност за сите активности и проблеми.

СЗПМ го поддржа донесувањето на новиот Закон за пензиско–инвалидско осигурување и по десетогодишна пауза ќе има член на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ и можност да ја збогати соработката со оваа институција од заемен интерес. Наедно преку Министерството за труд и социјална политика поднесен е иницијативен текст на Предлог–закон за пензионерско организирање во РМ, чие донесување ќе биде од огромно значење. Покрај другото голема и неминовна е потребата од изградба на пензионерски и старски домови.

Премиерот Никола Груевски беше посебно задоволен од она што го прават пензионерите за самите себе и за своето активно стареење. Тој на средбата потенцираше дека Владата и понатаму ќе носи низа мерки и стратегии поврзани со оваа популација, се со цел пензионерите и старите лица во земјата да имаат поквалитетен и посодржаен живот. Притоа, со задоволство прифати во име на Владата да биде покровител на 17–тите Републички пензионерски спортски натпревари кои претстојуваат Спортска пензионерска олимпијада, а кои ќе се одржат за првпат во Скопје на 11 септември.

Министерот Ристовски зборува-



ше за повеќе мерки кои Владата во изминатиот период ги спроведе и планира да ги спроведе во следниот период, со фокус на реализацијата на проектот за бањско-климатска рекреација и иницијативите од страна на пензионерите за нови законски решенија.

Министерот Тодоров зборуваше за новата мерка за бесплатно болничко лекување на сите пензионери со пензија која е помала од просечната во државата од 1–ви јануари 2013 година. На средбата договорено е, во октомври да се одржи состанок со сите претседатели на здруженијата и со членовите на ИО на СЗПМ, на кој ќе биде објаснета оваа мерка, но и други прашања поврзани со здравствената заштита на пензионерите.

На пресот кој беше одржан по завршување на оваа значајна средба изјави дадоа министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски.

– Задоволни сме од средбата. Министерството за труд и социјална политика и понатаму ќе ја негува добрата соработка со СЗПМ. Ќе бидат преземени соодветни мерки за подобрување на стандардот на пензионерите, но и на сите граѓани во државата – изјави министерот Ристовски.

– Средбата беше со исклучително значење, бидејќи, како што рече и Премиерот, пензионерите се еден од најзначајните сегменти на Република Македонија.

Баравме заштита на животниот стандард на пензионерите заради растот на цените на струјата, на парното и на друго, разговаравме и за зголемувањето на пензиите кое треба да се случи во наредните три години, а како Сојуз побаравме да имаме нов закон за пензионерско организирање во Македонија. Нашата организација која опфаќа околу 245 илјади пензионери, како и сите стари луѓе во Република Македонија не бараат многу. Пензионерите се скромни и солидарни со сите во земјата, но и тие заслужуваат спокоен и достоинствен живот – изјави претседателот на СЗПМ.

**К.С.Андонова**

**ВО ОВОЈ БРОЈ...**


**НА 25 СЕПТЕМВРИ ЌЕ СЕ ОДРЖИ РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА ПО ПОВОД 10 ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ** стр. 2

**17-ТИ РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ВО „NEW STAR” - СКОПЈЕ** стр. 3, 4 и 5

ТРИБИНА стр. 7

**ОД СВОЈ АГОЛ ПРВПАТ** стр. 8

НАСТАНИ стр. 10

ИНФО стр. 11

**ВО „ПЕНЗИОНЕР ПЛУС” ЗА СЕКОГО ПО НЕШТО** стр. 13



ИЗБОР стр. 14



**РЕВИЈА КОЧАНИ** стр. 15

OLIMPIADA SPORTIVE PENSIONISTE NË SHKUP



стр. 16



**АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ ЗА ПОЧИТ** стр. 18

ЗАБАВА стр. 19

**РЕВИЈА БИТОЛА**



стр. 20


**ДЕНОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА 20-ти СЕПТЕМВРИ НА СЕГАШНИТЕ И НА ИДНИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ ИМ ГО ЧЕСТИТА**

**СЗПМ**


Вашата пензија секогаш на први во месецот.

**НЛБ** Сребрен пакет

NLB Тутунска банка

# Министерството за култура - покровител на Ревијата на песни, музика и игри по повод 10 годишниот јубилеј

Министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски и министерката за култура, Елизабета Канческа–Милевска оствари средба со



делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, предводена од претседателот на Сојузот Драги Аргировски, по повод 10–тата јубилејна Ревија на песни, музика и игри на пензионерите, а која ќе се одржи на 25 септември оваа година во Универзалната сала во Скопје.

**Министерството за култура ќе биде генерален покровител на Ревијата на пензионерите.** Оваа одлука според министерката Елизабета Канческа–Милевска, е уште една заложба културата да стане привилегија на секој граѓанин на државата.

– Преку својата годишна програма редовно ги поддржуваме иницијативите и проектите на граѓанските и невладините здруженија кои се резултат на потребите и побарувањата на различните категории граѓани. Оваа убава иницијатива несомнено ќе овозможи уште поактивно вклучување на пензионерите во културниот и во јавниот живот на Република Македонија и ќе ја збогати културната понуда во нашата земја. Министерството за култура својата поддршка за пензионерите ја покажа и преку доделувањето на националните пензии за сите оние кои целиот свој работен век го посветија на афирмација на македонската култура. Една од мерките беше и обезбедувањето 50 отсто попуст за пензионерите за влез во сите институции од областа на културата во Македонија и можност да ги проследат сите културни манифестации и настани, – истакна министерката за култура, Елизабета Канческа–Милевска.

Според министерката, ова е уште една можност да се афирмира македонското изворно творештво и културните вредности на сите кои живеат во Македонија.

– Настанот ги обединува активностите на преку 40 здруженија на пензионерите во државата, кои во изминатите 10–ина години преку оваа манифестација настојуваа да ја зачуваат нашата богата етнокореолошка традиција и да го негуваат изворниот староградски фолклор, – додаде Канческа – Милевска.

Министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски истакна на средбата дека на ваков начин, со поддршка на иницијативите и проектите на оваа категорија граѓани, Министерството за култура покажува општествена одговорност и грижа за овие лица кои, како што истакна не се обврска само на Министерството за труд и социјална политика, туку и на сите други министерства и институции и овој пример треба да го следат и други.

Според Драги Аргировски, претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите, оваа манифестација е многу значајна за припадниците на третата доба.

– На првата манифестација учествуваа 9 здруженија, а сега се веќе 45, што зборува за значењето кое го има настанот за пензионерите. На Ревијата учесниците се облечени во стари македонски, албански, турски, влашки, ромски и други носии и свират на карактеристични стари македонски инструменти. Со овие ревии тие ги чуваат од заборав многу наши обичаи и песни како наследство за идните генерации. Пензионерите, исто така, и меѓусебно се дружат што е во насока на продолжувањето на животниот век и активното стареење, – истакна Аргировски, кој додаде дека во Македонија има околу 280 илјади пензионери и овие ревии се празник за сите нив, но и за градовите во кои се одржуваат.

Покровител на 10–тата јубилејна Ревија на песна музика и игри ќе биде и градоначалникот на град Скопје Коце Трајановски кој им овозможи на пензионерите Ревијата да се одржи во Универзалната сала во Скопје.

**К.С.Андонова**

Седница на Комисијата на СЗПМ за културно–забавен живот

# Избрани учесниците на 10-та Републичка јубилејна ревија



Комисијата на СЗПМ за културно–забавен живот на 4–ти септември одржа седница која беше посветена на подготовките на Републичка јубилејна Ревија на песни, музика и игри и утврдувањето на Програмата за настап на учесниците. Со седницата раководеше претседателката на Комисијата Милевска Здравковска, а покрај членовите, присуствуваа: претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, претседателот на Градскиот Сојуз на ЗП Крсте Ангеловски, потпретседателот и секретарот на ИО на СЗПМ Методија Тошевски и Станка Трајкова, стручниот соработник и селектор Тихомир Бачовски и други.

Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски во поздравниот збор го нагласи значењето на изборот на учесниците на Ревијата, бидејќи успешната реализација на 25 септември во Универзалната сала во Скопје, покрај другото, може СЗПМ да ја вклучи во Проектот на ЕУ за меѓународна соработка на културното поле, Тој, исто така, ги кажа покровителите на Ревијата – министерката за култура Елизабета Канческа Милевска и градоначалникот на Скопје Коце Трајановски, кои обезбедија определени средства како помош за поуспешно организирање на Ревијата.

Селекторот **Тихомир Бачовски** ја презентираше Предлог програмата за избор и настап на претставниците на здруженијата на пензионери со детални образложенија за поедини точки кои беа прифатени или оставени за други прилики. Во дискусијата учествуваше и секретарот на ИО Станка Трајкова, која ја нагласи потребата за почитување на Правилникот за ревии и даде предлог да се изготви анализа на одржаните регионални ревии на песни, музика и игри, која ќе послужи за согледување на пропустите и отстранување на недостатоците при организирањето на идните ревии. Свој придонес за подобар избор на учесниците на 10–та јубиларна републичка ревија на песни музика и игри дадоа: претседателката **Милевка Здравковска** и членовите на Комисијата **Нурие Кадриу, Боривое Бојаџиев, Вања Марковска и Леонид Манчев.** На крајот на седницата беше утврден списокот и програмата на здруженијата – учесници на Ревијата.

**М.Д.**

Седница на Извршниот одбор на СЗПМ

# Во фокусот септемвриските активности

Извршниот одбор на СЗПМ на 24 август 2012 година ја одржа 13–тата седница на која се анализираа значајните активности по повод 20 септември – Денот на пензионерите на Македонија. На неа присуствуваше и потпретседателот на Собранието на СЗПМ, Бесник Поцеста.

Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** отворајќи ја седницата ги истакна презимените мерки за



што поуспешно организирање на 17–тите Републички пензионерски спортски натпревари што за првпат на 11 септември ќе се одржат во Скопје под покровителство на премиерот Никола Груевски и на 10–тата јубилејна Републичка ревија на песни, музика и игри на 25 септември во Универзалната сала во Скопје под покровителство на министерката за култура Елизабета Канческа–Милевска и градоначалникот на Скопје Коце Трајановски. Претседателот Аргировски говореше и за подготовките и за очекувањата од посетата на СЗПМ од страна на претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски со министрите: за труд и социјална политика Спиро Ристовски и за здравство Никола Тодоров.

На седницата Извршниот одбор го определи составот на раководната структура за средбата со премиерот и министрите, а за домаќин на Републичките спортски игри беше утврдено Здружението на пензионерите на Ѓорче Петров, додека на Републичката ревија Градскиот сојуз на здруженија на пензионери на Скопје.

Во дискусијата за збогатените содржини и активности и за зголемената доверба кај членството учествуваа: **Стево Бојаџиев, Зоре Мицкоски, Надежда Давчева, Стојан Настевски, Илија Адамовски, Здравко Петковски, Данче Даскаловска, Ѓорге Андонов и Бесник Поцеста. Руфат Рамадани** информираше за судските постапки меѓу здруженијата, а **Александар Захариев** за ставот дека СЗПМ оправдано не ги поддржува иницијативите за формирање партија на пензионерите.

Стана збор и за одбележувањето на 50–тиот јубилеен број на весникот Пензионер плус, кој на 20 септември ќе излезе во колор со зголемен број страници и тираж. Наедно ќе се наградат веб–страницата и на истата да се ставаат сите досегашни 50 броја на весникот.

На седницата се дискутираше и за новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, за што уводни напомени даде **Станка Трајкова**, секретар на ИО на СЗПМ. Беше усвоен и договорот за соработка помеѓу СЗПМ и Фондот на ПИОМ за подобрување на евиденцијата на членството за што образложение даде **Методија Тошевски,** потпретседател на ИО на СЗПМ.

**К.С.А.**

# Седница на Собранието на ЗП Центар - Скопје



Собранието на ЗП Центар – Скопје деновиве ја одржа својата седма седница. На седницата што ја раководеше претседателот на Собранието **Крсте Ангеловски,** на дневен ред беа неколку точки меѓу кои: разгледување на приходите и расходите во првите шест месеци од годинава, како и донесувањето на Одлука и Спогодба за збратимување на Здружението на пензионери од Центар со ЗП Кочани.

Приходите и расходите во првото шестомесечие ги образложи претседателот на ИО **Павле Спасев.** Според податоците и она што го изнесе претседателот Спасев, а и учесниците во дискусијата, во првата половина од 2012 се работело домаќински, економично и рационално.

Усвојувајќи ги Одлуката и Спогодбата за збратимување на ЗП Центар со ЗП Кочани, членовите на Собранието подвлекоа дека соработката ќе се остварува преку превземање и развивање на работи и активности за организирано остварување на правата на членовите– корисници на пензија утврдени со Закон, Статут и други општи акти на здруженијата. Двете здруженија ќе покренуваат прашања и иницијативи пред надлежните органи и организации за разгледување и решавање на прашања и проблеми од пошироко значење, а во интерес на корисниците на пензија. Заеднички ќе организираат културно забавни манифестации како и спортско–рекреативни активности. И на крајот, со Спогодбата за што наскоро ќе биде потпишана од двете здруженија, се предвидува да бидат превземени и да се спроведат нови хуманитарни активности со вклучување во хуманитарни акции на одредени хуманитарни организации и асоцијации и други работи од интерес на корисниците на пензија.

**Ц. Илиева**

# Грижата и заштитата на пензионерите - врвен приоритет на Владата






На 11 септември се одржаа 17–тите републички пензионерски спортски натпревари кои од година во година се повеќе личат на вистинска своевидна Пензионерска спортска олимпијада. Во весела и другарска атмосвера се натпреваруваа пензионери од целата наша земја. Зачудувачки беше ентузијазмот и волјата кај овие возрасни луѓе да се докажат како вистински спортисти. Бодрењето и навивањето беше од срце, иако на крајот сите беа задоволни и оние кои победија и оние кои не беа задоволни од постигнатите резултати, бидејќи ова беше ден за дружење и да се сретне со стари и нови пријатели. Манифестијата имаше уште поголемо значење заради обраќањата на премиерот **Никола Груевски**, министерот за труд и социјална политика **Спиро Ристовски** и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** кои уште еднаш потенцираа дека приоритет на Владата, на министерството за труд и социјална политика и на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија е квалитетен и посодржаен живот и подобар стандард на пензионерите и сите стари луѓе во државата.

Присутните ги поздравија и домаќините на манифестацијата **Методија Новковски**, претседател на ИО на ЗП Ѓорче Петров и градоначалникот на општината, **Сокол Митровски**. **К.С.А.**

## Никола Груевски, претседател на Владата на РМ

Денешниот настан е уште една потврда за политиките на Владата на Република Македонија за развој и континуирана соработка, градење на доверба и партнерски однос со граѓанскиот сектор.



Ми претставува особено задоволство што оваа година сум покровител на 17–та по ред манифестација „Републички пензионерски спортски натпревари" која се реализира од страна на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија која години наназад активно работи на заштита на целите и интересите на корисниците на пензија.

Овие пензионерски спортски натпревари претставуваат одлична можност за дружба на пензионерите, збогатување и проширување на интересот за разни спортски активности, промовирање на тимската работа и потребата од истрајност и посветеност за да се постигне зацртаното.

Владата на Република Македонија како досега, така и во иднина ќе ја дава својата несебична поддршка на сите граѓански асоцијации, фондации и хуманитарни организации кои работат на организирање на најразлични форми на културно, уметнички, забавни и спортски дејности, како и други облици на творење со цел создавање на посеопфатен и поквалитетен однос меѓу државата и невладиниот сектор во функција на прогрес на македонското општество.

Јакнењето на стандардот, почитта и љубовта, достоинственото поминување на зрелите години од Вашиот живот и обезбедувањето на мир и спокој во Вашето секојдневие, се едни од основните ваши потреби, но и наша обврска.

Грижата и заштитата на пензионерите беше и останува врвен приоритет на Владата на Република Македонија. Зголемување на пензиите, бањско– климатска рекреација, намалување на цените на лековите, бесплатен автобуски превоз, подобрување на здравствените услуги и социјалната заштита, народни кујни за стари и изнемоштени лица, дневни центри и клубови за пензионерите, зголемена активност на постарите лица и нивна поголема вклученост во општествените текови и процеси се само дел од мерките и активностите кои се од особено значење за Вас, а ние ќе дадеме се од себе за истите да продолжат во континуитет да се спроведуваат и надградуваат.

Ќе направиме се што е во наша моќ, да ви овозможиме и да ве охрабриме сите свои желби, копнежи и аспирации да ги остварувате како силни индивидуи, целосно интегрирани во нашето општество. Вашите потенцијали, искуството и знаењето кои го поседувате, ви даваат целосно за право да ги добиете потребните услови за сопствена реализација, што несомнено ќе биде од корист и за севкупен прогрес на нашата држава.

Дозволете ми во оваа прилика да истакнам дека ние како Влада целосно сме свесни за придонесот кој што го дадовте и кој се уште го давате за подоброто утре на нашите поколенија и затоа можам слободно да истакнам дека ние во вас гледаме партнер за спроведување на политиките од значење за нашата држава. Токму затоа, наша определба е преку покровителството на вакви настани да искажеме почит за вашето дело и да Ви овозможиме на достоинствен начин, јакнејќи го спортскиот дух и заедништво, во добро здравје да ги поминувате пензионерските денови.

## Спиро Ристовски, министер за труд и социјална политика

Соработката на државните институции со невладиниот сектор е клучен фактор во развојот на една демократска држава како што е Република Македонија, бидејќи секогаш може да се слушат добри идеи коишто се во функција на подобрување на целокупниот амбиент во државава. Во таа насока, јас како министер за труд и социјална политика, изминатава година остварив повеќе средби со претставници на Сојузот на здруженијата на пензионерите, бидејќи имавме неколку проекти за коишто сакавме да го слушнеме и нивното мислење и се разбира не само да ја добиеме поддршката, туку побаравме и активно вклучување во нивната реализација. Како поддршка на активностите коишто ги реализира Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Владата на Република Македонија, односно претседателот на Владата на Република Македонија е покровител на манифестацијата на Републичките пензионерски спортски натпревари. Оваа манифестација се одржува веќе 17–ти пат и истата има за цел унапредување, збогатување и проширување на интересот на пензионерите за разни спортски активности и форми за одржување на психофизичката кондиција. Преку спортските активности се дефинира, односно практикува активно стареење.



Еден од приоритетите на Владата на Република Македонија и на Министерството за труд и социјална политика е обезбедување на достоинствен живот на старите лица и пензионерите. Токму затоа, потребно е старите лица да водат живот во којшто ќе ја добијат потребната поддршка од семејството, соседите, пријателите, државата. Живот во којшто ќе бидат целосно ангажирани нивните потенцијали.

Во изминатите години се реализираше и проектот „Бањско климатска рекреација на корисници на пензија" со што повеќе од 15.000 пензионери беа корисници на овие услуги. Како резултат на задоволството на пензионерите од овој проект во наредните четири години истиот ќе продолжи да се реализира со што ќе се опфатат 40.000 корисници на пензија.

Со новиот текст на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, практично се потврдува учеството на Сојузот на здруженијата на пензионерите во управувањето во Фондот на ПИОМ. Имено, член на Управниот одбор на ПИОМ има по еден претставник од Сојузот на здруженијата на пензионерите и од репрезентативниот синдикат од работодавачите. Преку учеството со ваш претставник, покрај транспарентноста во донесувањето на одлуките ќе се обезбеди и иницирање на проекти од интерес на околу 280.000 пензионери.

Во насока на реализирање на определбата на Владата на Република Македонија да го подобри животот на старите лица беше усвоена Национална стратегија за стари лица 2010–2020 година, документ со којшто се планира изградба на нови регионални домови за стари лица, со што националните капацитети ќе се приближат кон европските стандарди за институционална грижа за стари лица. Исто така, интезивно се работи и на развивање на вонинституционални форми за грижа и помош за старите лица во Република Македонија и покрај дневниот центар за стари лица во Чашка, во последните три години Министерството работеше и на отварање на уште 3 нови дневни центри. Во таа насока е и неодамна отворениот Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови во соработка со Град Скопје и Црвениот крст на Град Скопје.

Министерството за труд и социјална политика дава отворена поддршка и на сите невладини организации, општини и организации коишто работат на полето на заштитата на старите лица и целосно сме подготвени за понудената програмска соработка со Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија.

Дозволете ми да истакнам дека и во иднина ќе ја продолжиме и унапредиме соработката со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со единствена цел да го подигнеме животниот стандард на пензионерите и нивното партиципирање во социјалниот живот.

## Драги Аргировски, претседател на СЗПМ

Дозволете ми најпрвин во името на СЗПМ и во лично име искрено да се заблагодарам на претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски за прифаќање на покровителството на оваа пензионерска олимпијада и за неговото присуство на оваа наша голема спортска манифестација.



Посебна благодарност и на министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски за воспоставената успешна соработка во интерес на сите пензионери во нашата земја.

Благодарност и на Здружението на пензионерите на Ѓорче Петров и на градоначалникот Сокол Митровски што прифатија со задоволство да бидат домаќини на оваа значајна манифестација.

Го поздравувам и присуството на претседателот на ССМ Живко Митревски, на претставници на медиумите и други.

СЗПМ е најбројна и многу активна невладина, неполитичка и мултиетничка организација, во која членовите од третата животна доба која ја нарекуваат и златно доба, се повеќе ја практикуваат и спортската активност која што во здраво тело создава – здрав дух.

Но, неколку збора за почетоците на овие натпревари кои од година во година се повеќе заличуваат на своевидна пензионерска спортска олимпијада. Првите републички пензионерски спортски натпревари се одржаа во Охрид на 28 август 1996 година со вкупно 150 учесници, од кои 45 натпреварувачи се натпреварувале во шах, стрелаштво и пикадо.

Потоа, средбите се одржаа во Дојран, Куманово, Виница, Ресен – Крани – два пати, Велес – Младост – три пати, Охрид, Кавадарци, Радовиш–два пати и Струга–три пати.

Иако во првите години спортските пензионерски игри беа симболични, од година во година се зголемуваше бројот на учесниците и натпреварувачите, но и на натпреварувачките дисциплини. И не само тоа. Секогаш се настојува до израз да дојде сознанието дека е важно да се учествува, а во борбите за спортскиот мегдан да победат најдобрите и најподготвените. Многу е поважно при тоа да се создава релаксирано дружење, да никнуваат нови познаства и пријателства.

Годинава, за прв пат Републичките пензионерски спортски натпревари се одржуваат во Скопје со рекорден број од над 1.150 учесници, од кои, 395 натпреварувачи како победници на регионалните натпревари. Од друга страна, овие натпревари се уште еден наш прилог во успешното одбележување на европската година на активно стареење и меѓугенерациската солидарност и соработка.

Секако пријатно е задоволството кога во 2012 година на спортските натпревари, на ревиите, на средбите на зелено, на екскурзиите, на масовното присуство на свеченостите на двата Илиндена, на денот на државноста и независноста на нашата земја, на средбите во клубовите, на посети на музеи, на театри и на многу други настани и активности присуствувале околу 250.000 пензионери со што во просек се постигнати европски рекорди во организирањето на активното стареење.

Така беше, така е, а така и уште подобро нека биде во иднина.

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и натаму целосно ќе се грижи за подобар и поквалитетен живот на пензионерите.

## 17-ти РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ВО „NEW STAR" - СКОПЈЕ

# Натпреварување во знакот на активното стареење


Методија Новковски


Сокол Митровски


Здравко Петковски

Годинашните 17–ти републички пензионерски спортски натпревари, под покровителство на претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски и потпомогнати од градот Скоје и Комерцијална Банка – Скопје, се одржаа на 11 септември на спортските терени и во преубав амбиент на хотелот NEW STAR во Визбегово крај Скопје. Игрите ги организираше Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија во знакот на одбележувањето на Денот на пензионерите – 20 септември, 66–годишнината од пензионерското организирање во Македонија, 21–та годишнина од осамостојувањето на РМ, како и одбележувањето на оваа година, која ЕУ ја прогласи за година на активно стареење и меѓугенерациска соработка и солидарност. Во натпреварите учествуваа 38 здруженија од СЗПМ со 395 претставници кои си ги одмерија силите во 11 спортски дисциплини и во 21 категорија пред околу 1.150 учесници, гости и други присутни граѓани.

Посебен интерес и задоволство кај учесниците предизвика присуството на претседателот на Владата на Република Македонија **Никола Груевски**, кој ги поздрави натпреварувачите и посакувајќи им успешни настапи, изрази задоволство што се наоѓа меѓу пензионерите и вети дека и во иднина ќе се залага за подобрување на стандардот на оваа популација граѓани. По говорот, кој беше проследен со бурни аплаузи, во придружба на домаќините и гостите, Премиерот ги обиколи натпреварувањата во дисциплините „тегнење јаже" и „пикадо" и давајќи им поддршка на натпреварувачите, беше восхитен од подготвеноста и посветеноста на пензионерите и на спортско–рекреативните активности.

На ова спортско првенство, на пензионерите им се обрати и министерот за труд и социјална политика **Спиро Ристовски**, кој ја истакна добрата соработка со Сојузот и здруженијата на пензионери ширум Републикава и вети дека ќе настојува истата и натаму да се зајакнува и унапредува со единствена цел да се подигне животниот стандард на пензионерите и нивното партиципирање во социјалниот живот.

Забележително излагање имаше и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, а со своето присуство на игрите и претседателот на ССМ Живко Митревски ја потврди добрата соработка помеѓу двата Сојузи. Во име на домаќинот учесниците и присутните ги поздрави претседателот на ИО на ЗП Ѓорче Петров, **Методија Новковски**, а посебно инспиративно обраќање имаше и градоначалникот на општината Ѓорче Петров **Сокол Митровски**. Тој, покрај другото истакна:

– Довербата која ни беше укажана да бидеме домаќини на оваа републичка манифестација ни дава позитивен импулс да продолжиме со активна и успешна соработка со општинското здружение на пензионери, но и со СЗПМ, а организацијата на 17–те републички пензионерски спортски натпревари претставува особена чест и задоволство, но истовремено не обврзува да ги задржиме високите критериуми во третманот на пензионерите, како на општинско, така и на републичко ниво.

Начинот на спроведувањето на натпреварите во 11 спортски дисциплини: стрелаштво, шах, пикадо, тегнење јаже, трчање, фрлање ѓуле, скок од место, табла, домино, двобој и тробој, го објасни **Здравко Петковски**, претседател на Комисијата за спорт и рекреација на СЗПМ.

Севкупен победник на годинашната „Пензионерска спортска олимпијада" повторно беше Здружението на пензионери Охрид и Дебрца, а преодниот пехар за врвното постигнување на победниците им го врачи претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Игрите протекоа во примерна организација и во мошне изедначена конкуренција на учесниците, како и во спортски дух и фер–плеј натпреварување.

Оваа спортска манифестација на пензионерите ја следеа и известуваа повеќе пишани и електронски медиуми, а за успешното спроведување придонесе и водителката Божана Ќулафкова, која во меѓувреме презентираше интересни информации за првенството и разговараше со сегашни и поранешни раководители и активисти за впечатоците од настанот.

На крајот сите ја славеа победата, сите пееа, играа и се веселеа. Посебен придонес во тоа имаше и познатата пејачка Ирена Спасовска со бендот „Дрим – тим", а средбата ќе остане запаметена по големиот број учесници, но и по убавиот амбиент и пријатната атмосфера за дружење.

**М.Д.**


















Ѓуле


Ѓуле


Трчање до 65 год.


Трчање до 65 год.


Трчање над 65 год.


Трчање над 65 год.

**17-ти РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ВО „NEW STAR” - СКОПЈЕ**

# Охриѓани и оваа година победници

На 17–те републички пензионерски спортски натпревари, кои се одржаа на 11 септември оваа година, во прекрасниот амбиент и спортските терени на хотелот NEW STAR во Визбегово крај Скопје, учествуваа 395 натпреварувачи од 38 здруженија на пензионери членки на СЗПМ. Најдобрите спортисти пензионери и оваа година се натпреваруваа во 11 дисциплини, во поединечна и екипна конкуренција. На најдобрите натпреварувачи за освоените прво, второ и трето место им беа доделени златни, сребрени и бронзени медали. Иако игрите се одржаа под мотото „важно е да се учествува”, сите спортисти го дадоа својот максимум и постигнаа забележителни резултати.

Во **стрелаштво** со воздушна пушка во женска конкуренција најдобра беше екипата од ЗП Охрид и Дебрца, пред ЗП ОВР – Скопје и ЗП Прилеп, а охриѓани беа најдобри и во машка конкуренција, додека втори беа прилепчани, а трети кочанчани. Медалите на победниците во женска конкуренција им ги врачи Зоре Мицкоски, член на ИО на СЗПМ, а во машка конкуренција директорот на NEW STAR Џемо Зекири.

Во дисциплината **шах** во женска конкуренција првото место го освои екипата на ЗП Охрид и Дебрца, пред ЗП Центар Скопје и ЗП Куманово, а во машка конкуренција кумановци го однесоа златото, среброто им припадна на штипјани, а бронзата на ЗП Центар од Скопје. Медалите ги врачија Методија Новковски, претседател на ИО на ЗП Ѓорче Петров и Стево Бојаџиев, член на ИО на СЗПМ.

Во **пикадо** во женска конкуренција најдобра беше екипата од ЗП Делчево, пред ЗП Ресен и ЗП Штип, а во машка конкуренција победниците од Свети Николе зад себе ги оставија натпреварувачите од ЗП Кичево и ЗП Прилеп. Медали на најдобрите учесници им врачија Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ и Спиро Николовски, член на ИО на СЗПМ.

Во дисциплината **тегнење јаже** во женска конкуренција тетовчанки и оваа година не го препуштија првото место. Тие повторно се закитија со златни медали, сребрените, исто така, повторно ги освоија пробиштипјанки, а бронзените – прилепчанки. Најсилни во машка конкуренција беа натпреварувачите од Гази Баба, а зад нив останаа учесниците од Кочани и Тетово. Медалите ги врачија потпретседателот на СЗПМ Бесник Поцеста и претседателот на Комисијата за спорт и рекреација Здравко Петковски.

Во поединечната дисциплина **скок од место** се натпреваруваа само мажи и најдалеку скокна Мирослав Кузмановски од ЗП Прилеп, пред Ѓорѓи Николов од ЗП Кочани и Бранко Наков од ЗП Гази Баба. Медалите им ги врачи Шабан Сабриу член на ИО на СЗПМ.

Во **фрлање ѓуле** натпреварите се одржаа во женска и во машка конкуренција. Од жените најдобра беше Марија Каракамишева од ЗП Богданци, а второто место и припадна на Верица Пулеска од ЗП Охрид, додека третото на Јабланка Веселиновска од ЗП Тетово. Во машка конкуренција најдобар беше Блажо Станојков од ЗП Куманово, втор Златко Коруновиќ од ЗП Солидарност – Аеродром и трет Никола Николов од ЗП Струмица. Медалите ги врачи Данче Даскаловска, член на ИО на СЗПМ.

Првото место во **табла** – жени го освои Миланка Панделевска од ЗП Охрид и Дебрца, второто Борјана Ралиќ од ЗП Куманово и третото Дафинка Петровска од ЗП Ѓорче Петров. Во машка конкуренција најдобар беше Иван Хаџиев од Струга, пред Лазар Ѓорѓиев од Штип и Петар Петров од Кратово. Медалите им ги врачи Шабан Сабриу, член на ИО на СЗПМ.

Во дисциплината **трчање** жени до 65 години првото место и припадна на Благица Маркулеска од Охрид, второто на Снежана Спасовска од Тетово, а третото на Љиљана Митевска од ЗП Кисела Вода. Во истата дисциплина, но во категоријата над 65 години, најдобра беше Павлина Камчева од Струмица, пред Блага Белококоска од Прилеп и Рада Смилевска од Куманово. Медалите ги врачи Милорад Видевски, претседател на Собранието на ЗП Ѓорче Петров.

Во машка конкуренција во трчање до 65 години најбрз беше Моме Цветановски од Куманово, пред Мице Мицоски од Прилеп и Лазо Ангеловски од Охрид. Во категоријата над 65 години победи Блаже Србиновски од Охрид, втор беше Ѓорѓи Јованов од Радовиш, а трет Миле Трпески од Прилеп. Медалите ги врачи Стамен Филипов, претседател на Правно–економскиот форум на СЗПМ.

Илија Адамоски, член на ИО на СЗПМ, медали им додели на најдобрите натпреварувачи во дисциплината **домино**, во која од жените најдобра беше Даница Поп–Захариева од Кочани, пред Марија Блажева од ЗП Центар и Љиљана Шароњева од Радовиш, а од мажите Никола Манасиев од Злетово пред Стоилко Крајнин од ЗП Ѓорче Петров и Ѓоерѓи Шуклев од Богданци.

Во најтешката дисциплина **двобој** жени победи Љупка Трифуноска од Охрид, второ место освои Славица Јованоска од Прилеп, а трето Ротка Петроска од ЗП Гази Баба. Во **тробој** мажи златниот медал го освои Симе Цветаноски од Прилеп, сребрениот Ѓорѓи Јаневски од Охрид и бронзениот Борче Крстев од Кочани. Медалите ги врачи Крсте Ангеловски, претседател на Градскиот сојуз на ЗП Скопје.

Според Правилникот, во трите дисциплини: стрелаштво, шах и пикадо во женска и во машка конкуренција, беа прогласени и најдобрите поединци на кои потпретседателот на ИО на СЗПМ Методија Тошевски им врачи посенбни пехари. Епитетот најдобри меѓу најдобрите го заслужија: Мара Илиќ (ОВР Скопје) и Коста Стојанов (ЗП Кочани) – стрелаштво, Менка Јовановска (Охрид) и Срѓан Христовски (Куманово) – шах, Снежана Спасевска (Делчево) и Љубе Петрушевски (Солидарност – Аеродром) – пикадо.

Сепак, најмногу се радуваа севкупните победници од ЗП Охрид и Дебрца, кои двапати по ред го освојуваат преодниот пехар, како и придружниот пехар кој им останува во трајна сопственост. Овие највисоки признанија на победниците им ги врачи претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, а ги прими претседателот на ИО Ѓорѓи Трпчески. Славеќи ја победата сите заедно ја пееја песната Биљана платно белеше, која спонтано ја прифатија и другите присутни. На крајот, сите се радуваа и второпласираните ЗП Прилеп и третопласираните ЗП Куманово.

**Текст и фотографии: Мендо Димовски**
**Зоран Андреески - Трио маркетинг**
**Петар Андреевски**


Домино


Домино


Двобој


Тробој


Табла


Табла


Скок


Пикадо


Пикадо


Шах


Шах


Стрелање


Стрелање


Тегнење јаже


Тегнење јаже


Најдобри поединци


Пехарот на најуспешното здружение

HOTEL NEW STAR RESTAURANT









*Ресторанот располага со:*
- Голема сала, со капацитет од 600 гости, Средна сала, со капацитет од 300 гости, Мала сала, со капацитет 170 гости,Три сали за состаноци, конференции, семинари и деловни средби со капацитет од по 200 лица.

Ресторанот организира:
Свадби, веридби, крштевки, Матурски и новогодишни прослави, како и сите видови на веселби и деловни средби.

*Топло добредојде ви посакува искусниот персонал, кој со својата исключителна професионалност ви стои на располагање во секое време.*

Ул.Словенечка ВИЗБЕГОВО
Тел: 2 600 333 Факс: 2 601 601
newstar@newstar.com.mk
www.hotelnewstar.com.mk

*Hotel NewStar 5**









# Нов Закон за пензиското и инвалидското осигурување

Новиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување е објавен на први август 2012 година, во Службен весник на Република Македонија бр. 98/2012. Имено, новиот текст на Законот за пензиското и инвалидското осгурување претставува и еден вид на пречистен текст на ЗПИО бидејки тој е донесен во декември 1993 година и имаше 22 измени и дополнувања, поради што во практичната примена тој создаваше огромни тешкотии. Со донесувањето на новиот ЗПИО,тој проблем се надмина.Верувам дека во иднина доколку има измени и дополнувања, балговремено ќе се подготвува и пречистен текст на овој закон.

Во ЗПИО се инкорпорирани и одредби од матичната евденција за осгуренците и корисниците на пензија за податоците во однос на стажот и платата како и другите факти кои се од влијание за остварување на правата од ова осигурување, со цел да се направи интегрален текст на законско уредување, како на правата, така и на податоците, кои беа регулатива на посебен закон.

Во ЗПИО се вршат и одредени измени и дополнувања кои не е лесно да ги согледате односно детектирате и во овој закон, поважни измени и дополнувања, се следните:

1) Во начелните одредби на Законот односно во членот 1 каде се уредува предметот на Законот, се вклучува и матичната евиденција на осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување, како значаен сегмент во остварувањето на правата од ова осигурување.

Во членот 3 каде станува збор за ризиците (старост, инвалидност, смрт и телесно оштетување) врз основа на кои се остваруваат правата од пензиското и иналидското осигурување, оваа законска одредба се дополнува и со регулатива дека во вториот пензиски столб се остваруваат правата согласно законот, кој го уредува капиталното финансирано пензиско осигурување.

2) Во главата на „Осигуренци" се поместува и регулативата што се однесува на стекнување својство на осигуреник по пат на продолжено осигурување, најверојатно со цел сите основи на стекнување својство на осигуреник да бидат поместени како една целина. Покрај тоа, со овој закон се создава правен основ продолженото осигурување да може да се стекне и за време на неплатено осуство, најмногу до 3 месеци(член 12 став 1 точка 5).

Во членот 14 задолжително се осигуруваат и странски државјани и лица без државјанство кои на територијата на Република Македонја имаат статус на самовработени лица, **што е позитивна околност и е во насока на слободно движење на лицата доближувајќи ја на тој начин македонската регулатива до регулативата на европското законодавство.**

3) Во главата „Стекнување и остварување на правата" со членот 38 се менува дефиницијата на инвалидност и ако се спореди новата со старата дефинција се гледа дека сега нвалидноста се одредува во проценти и како регулатва се доближува се повеќе до законодавствта на повеќе европски држави, со цел за поголема објективност во оценка на работната способност.

**Но, кога станува збор за инвалидноста, најважна улога има оценката на работната способност од страна на комисиите односно подготовката на медицинската документација која би било добро да се подготвува на едно место од соодветен стручен кадар (во рамки на Фонд на ПИОМ или надвор од него) кој би бил одговорен за валидноста односно верификација на утврдената здравствена состојба без кои точно утврдени факти не е можна ни реална оценка на работната способност.**

Со ставот 3 на напред цитираната законска одредба во рамките на новата дефниција на нвалидност е создаден правен основ за работа со скратено работно време доколку работната способност е намалена за 50% со цел работникот да може да работи со скратено работно време или да биде распределен на друга соодветна работа согласно прописите кои се однесуваат на работните односи и колективниот договор.

Со членот 50 од новиот ЗПИО се утврдени условите за остварување право на инвалидска пензија во однос на пензискиот стаж и истите претставуваат микс меѓу старите и новите услови за инвалидска пензија, за осигуреници кај кои инвалидноста е последица на болест или повреда надвор од работа. **Имено, условите за остварување право на инвалидска пензија за осигуреници кај кои инвалидноста настанала до 30 години не се менуваат.**

**Новите услови за групата на осигуреници кај кои инвалидноста ќе настане над 30 до 37 години во однос на условите за пензиски стаж гледано во однос на поранешните услови се поповолни за остврување право на инвалидска пензија** што не случај со осигуреници кај кои инвалидсноста настанала над 45 години возраст.

Во главата „Остварување,користење и губење на правата" во членот 130 став 3 се дополнува со регулатва дека контролниот преглед на работната способност може да се врши најмногу два пати до навршување на 65 години во рок не пократок од една година од утврдената инвалднот. **Со вршење на контролен преглед два пати до навршување на 65 години се зајакнува сигурноста во остврување и користење на правото на инвалидската пензија, како и се надминува постојано повикување на контролен преглед, по слободна оценка на Комисијата за конторлен преглед.**

Во главата „Остарување, користење и губење на правата" на поранешниот член 145–а ЗПИО, став 2 беше утврдено дека ако решение кое се огласува за ништавно правните последици течат нанапред (од приот ден на наредниот месец по донесување на решението), како посебна одредба во однос на Законот за општа управна постапка, која имаше за цел да обезбеди правна сигурност во остварување на правата од пио, во случај кога нема вина од странката .

Меѓутоа, сега со член 139, **став 2 со огласувањето на решението за ништавно се поништуваат и правните последици што ги произвело таквото решение. Тоа значи дека ако на пензионер му е признато поголемо ниво на право од надлежната филијала на Фондот со новото решение се поништуваат и правните последици кое ги произвело решението и корисникот на пензија средствата што ги примил мора да ги врати на Фондот, иако грешката не настанала по негова вина.**

Заради унапредување на исплатата на пензиите со новиот ЗПИО во членот 141 став 3 се утврдува дека по барање на Фондот, корисникот на пензија и паричен надоместок е должен, да достави потврда за живот издадена од Фондот, што досега се бараше во практиката при исплата на пензијата, **а сега таа обврска е подгната на степен на законска обврска,со што се зајакнува контролата над исплатата на пензиите.**

Една од занчајните новини во новиот ЗПИО е членот 156, каде како член на Управниот одбор **е и претставник од Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, која одредба го уредува и профилот на членот на Управниот одбор, кој треба да биде лице кое има високо образоване и работно искуство од правото, финансиското работење или од системот на пензиското и инвалидското осгурување.**

**На крајот една од позначајна преодна одредба од ЗПО е членот 228 кој го регулира прашањето на процентот од кој се определува пензијата од пензиската основа (т.н. заменска стапка) за осигуреници кои избрале да останат во пензиски систем со еден столб. Законодавецот со ставот 1 на членот 228 како стекнато право ја задржува заменската стапка за осигурениците кои имале повеќе од 15 години пензиски стаж бидејки овие осигуреници под тие услови се одлучиле да останат во пензиски систем со еден столб.**

**За овие осигуреници за пензиски стаж од 35 ( жена) односно 40 ( маж), заменската стапка изнесува 80%, а за секоја година на стаж навршен по 1 јануари 2013 година пензијата од пензиската основа за секоја година стаж се определува во висина од 1,61%, а за пензиски стаж пократок од 6 месеци 0,81% од пензиската основа, без да се прави разлика меѓу мажот и жената.**

**Со оваа преодна законска одредба се намалува само заменската стапка за осигуреници кои имаат исполнет пензиски стаж помалку од 15 години до 1 септември 2001 година.**

**За овие осигуреници секоја натамошна година на пензиски стаж исполнет по 1 јануари 2013 година се пресметува во висина од 1,61%(маж), односно 1, 84% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,81% (маж), односно 0,92% (жена) од пензиската основица.**

**Кога сме кај заменската стапка со новиот ЗПИО јасно се утврдува дека во пензискиот систем во Република Македонија не постои лимитирање пензијата од пензиската основа за осигуреници кои ќе навршат пензиски стаж подолг од 35(жена) односно 40 години(маж).**

**Станка Трајкова**

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Стабилноста е приоритетна задача

***Нема место за стравување дека може да дојде до намалување на пензиите или до нивно нередовно исплаќање***

Реформата на пензискиот систем во нашата држава, се оствари на најквалитетен начин и уште, пред сите транзициски држави од нашето опкружување. Дека е така, најдобра потврда за тоа се честите посети на делегациите од странство, кои се интересираат за нашата реализација на повеќе актуелни, но за нив отворени прашања, пред сè, како се одвива собирањето на придонесите за пензиско осигурување од фирмите, прашањето за стапката на придонеси по оваа основа за фирмите кои одат под стечај или во ликвидација, реализацијата на договорите со странските пензиски фондови и друго.

Но, за жал, и покрај сите пофалби што ги добива реализацијата на реформата на нашиот пензиски систем и функционирањето на задолжителниот фонд, но и двата други приватни пензиски фондови, во нашата јавност неоправдано се појавуваат непотребни гласини дека Фондот на ПИОМ ќе западне во тешка економска криза. Овие и вакви критики се сосема неоправдани за да се замајува јавноста, а пензионерите да се држат непотребно во заложништво. Од овие критики нема ништо точно, напротив финансиската состојба и кондиција на Фондот на ПИОМ, и покрај рецесијата што ја зафати светската економија – е добра. Средства во Фондот за редовно сервисирање, односно исплата на пензиите на над 283 илјади пензионери имало и ќе има...

Најдобар доказ за ова е усвојувањето на буџетот на Фондот на ПИОМ за 2013 година, за кој што, на последната седница на Управниот одбор на Фондот се рече дека е во границите на финансиските можности за редовно исплаќање на пензиите и дека напорите што се вложуваат за штедење по сите основи во работата на Фондот на ПИОМ, даваат резултати.

Како што е познато, Буџетот на Фондот на ПИОМ за 2013 год. ги вклучува приходите од придонесите, средствата од Буџетот на Републиката, од акцизите на нафтените деривати, продажбата на акции и удели и дивиденда, како и други приходи, а во расходниот дел се вклучени расходи за пензии и надомстоци, придонесот за здравствено осигурување, транзициони трошоци, трошоци за платите на вработените, капитални расходи и други трошоци за спроведување на пензиското и инвалидско осигурување.

Вкупните приходи се планирани во износ од 51.074,65 милиони денари, во кој износ доминантно учество имаат изворните приходи кои се застапени со 56,5% и средствата од Буџетот на Републиката со учество од 41,4%.

Но, треба да се истакне дека поради намалување на стапката на придонесот се намалува и учеството на изворните приходи во вкупните приходи на Фондот. Така, во 2009 година кога стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување беше 19,0%, учеството на изворните приходи изнесуваше 63,8%, а во 2012 година е намалено и изнесува 58,8%.

Во 2013 година се планира за исплата на пензиите да се потрошат средства во износ од 40.756,33 милиони денари или 79,8% од вкупните расходи. Овие расходи се однесуваат за сите видови пензии, и тоа: за исплата на редовните пензии, минималните земјоделски пензии, за воените пензии, како и за исплата на пензиите во странство и за новите корисници на пензија.

Расходите за исплата на редовните пензии во 2013 година се предвидуваат во износ од 40.227,33 милиони денари и тоа за постојниот број на корисници на пензија зголемена со 5% од декември 2012 год. согласно програмата за работа на Владата на РМ за 2013 год. и за новиот број кои ќе остварат право во 2013 година, како и за усогласување на пензиите. Во 2013 година расходите за пензии се планираат да се зголемат и тоа: по основ на усогласувањето на пензиите за 1,12% од 1 јануари и за 1,77% од 1 јули 2012 година и прилив на нови корисници од 1%.

На крајот на 2013 година се предвидува бројот на корисниците на пензија во Република Македонија да изнесува 283.016 корисници, или повеќе за 2.802 корисници, односно за 1,% повеќе од оваа година. Од овој број се планира 1.585 корисници да остварат право на старосна пензија, 393 корисници на инвалидска пензија и 824 корисници на семејна пензија.

Од она што е содржано во финансискиот план на Фондот на ПИОМ, просечната пензија во декември 2013 година се планира да достигне износ од 11.702 денари или за 8% повеќе во споредба со 2012 год. Кај старосната пензија се предвидува просечниот износ да достигне 13.294 денари, на инвалидската пензија 10.484 денари и 9.312 денари на семејната пензија.

Од погорното се гледа дека вкупните обврски на Фондот на ПИОМ за 2013 год., се планираат во износ од 51.057,65 милиони денари. Со овие средства ќе се врши редовната исплата на пензиите на сите корисници на пензија, како и за новите корисници кои правото ќе го остварат во текот на идната година; пренесување на придонесите на индивидуалните сметки на членовите на приватните пензиски фондови; плаќање на придонесот за здравствено осигурување на корисниците на пензија; исплата на надоместоците од инвалидското осигурување, исплата на плата на вработените, капитални расходи и други трошоци за спроведување на пензиското и инвалидско осигурување.

**м-р. Снежана Кутузовска**

# Владата препорача да се намали цената на огревното дрво

Владата на РМ му препорача на Управниот одбор на ЈП „Македонски шуми" да ја намали цената на огревното дрво за 10 проценти за сите граѓани на Република Македонија, кои огревното дрво го користат за сопствени потреби.



– Македонски шуми во изминатите 4 години одржуваа константна цена на огревното дрво. Со оглед на економската ситуација Владата реши да препорача намалување на огревното дрво за корисниците на социјална помош да изнесува двојно повеќе, односно 20% – информираше заменик–министерот за земјоделство, Зоран Коњановски.

Во исто време Владата одлучи да му препорача на УО на ЈП „Македонски шуми" оваа одлука на Управниот одбор да важи за сите граѓани на РМ кои во текот на 2012 година набавиле огревно дрво, а истотo го плаќаат на рати.

– Владата најави дека ќе ја следи ситуацијата и секогаш кога ќе има потрба и можност ќе излегува со вакви мерки, – рече Коњановски.

**„Вечер"**

Од свој агол

# Првпат

Настани кои првпат се случуваат, оставаат поголеми импресивни впечатоци и остануваат запаметени како историски, зашто најчесто од нив почнуваат да се бројат и да се бележат наредните случувања, кои секогаш и не се случајни, туку настануваат како нечие размислување и иницијатива, како поттик и насочување, како преземење и спроведување конкретни активности... Затоа нема сомнение, ниту дилеми кој толку го раздвижил Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија и токму оваа година, кога речиси едвај стигнува да ги набележи настаните кои првпат се случуваат и достигнувањата кои се граничат со рекорди. Навистина, сето тоа не беше предвидено и планирано со Програмата за работа на Сојузот на почетокот на годината, која мнозина ја оценија како преамбициозна, иако истата стана претесна за задачите што ги наметнуваше времето.

Неинформираните сигурно се прашуваат што е тоа што **првпат** се случуваше откога пред година и пол СЗПМ го презеде новото раководство на чело со претседателот **Драги Аргировски**. И, како било да ги набројуваме настаните, останува запаметено и запишано дека во 66–годишната историја на пензионерското организирање, неодамна, **првпат** се случи премиер со двајца истакнати министри да го посети Сојузот и да се задржи во подолг разговор со раководството. Тогаш, **првпат** директно и на премиерот му се посочија потребностите што ги воведе овој тим, а му се укажа и на потребите и проблемите на пензионерите во чие решавање Владата мора да учествува, бидејќи СЗПМ како најмасовна и најактивна невладина, неполитичка и мултиетничка организација, со вкупно 245 илјади редовни членови, треба повеќе да се респектира и да заземе уште позначајно место во општеството.

Придонес кон тоа е и примерната соработка со Министерството за труд и социјална политика, која, исто така, за **првпат** е воспоставена по изборот на новото раководство, при што многу недоразбирања и проблеми се надминати. Во прилог на ова оди и можноста СЗПМ со новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, по неколкугодишна пауза, да има свој член во Управниот одбор на Фондот ПИОМ, што е од обостран интерес на двете институции.

Посебно треба да се издвои **иницијативата**, што ја поведе, повторно раководството и преку Министерството за труд и социјална политика го поднесе Предлогзаконот за пензионерско организирање во РМ, чие донесување ќе биде од огромно значење за внесување ред во пензионерската организација и обединување на поделените корисници на пензија во еден сојуз, што ќе означи чекор напред кон европските цели и задачи за заштита и унапредување на правата и грижата за старите лица.

Можат да се поредат и настаните **првпат** што се случуваа и минатата година. Така, на свеченото одбележување на 65–годишниот роденден на пензионерската организација во Македонија, **првпат** претседателот на државата Ѓорге Иванов како покровител на прославата им се обрати и им даде поддршка на пензионерите.

Голем напредок направен е и во областа на информирањето и афирмирањето на Сојузот. **Првпат** во весникот „Пензионер плус" се воведе страница на албански јазик, а во весникот „Коха", страница за пензионерите, а се појавија емисии и на електронските медиуми.

Значително беше зголемена и соработката со локалните самоуправи, а беа отворени и неколку нови клубови на пензионери во Кочани, Кривогаштани, Аеродром, Сопот – Кавадарци, Ѓорче Петров и во други градови. Во повеќе од 400 вакви клубови ширум нашата земја пензионерите наоѓаат свое катче за дружење и во нив неделно се собираат и престојуваат околу 150.000 членови, кои редовно го читаат весникот „Пензионер плус" и се информираат за настаните. Треба да се спомнат и пензионерските домови и новите центри за стари лица, кои сè уште недостасуваат, иако со Националната стратегија за стари лица, се сметаат за приоритетни, а за нивно поскоро отворање, повторно се залага новото раководство на СЗПМ.

Новиот тим на чело со претседателот Аргировски внесе посебна живост и нова енергија во редовите на СЗПМ кога за **првпат** ја воведе и акцијата „**Од Вас за Вас**", зашто нејзината суштина значеше враќање на средствата од членарината низ разни облици и активности на членовите. Овој нов бран ги поттикна здруженијата во организирањето и омасовувањето на хуманитарни акции, пикник–средби, дружења по разни поводи, екскурзии и други активности кои обезбедуваат поголема вклученост на пензионерската популација. Особено треба да се издвојат и нагласат пензионерските спортски натпревари и ревиите на песни, музика и игри, кои претставуваат кулминација во културно–забавното и спортско–рекреативното организирање на пензионерите.

Тоа се случува и оваа година, во која СЗПМ влезе со уште поголем ентузијазам и амбиции за постигнување нови успеси со кои ќе даде свој придонес и во одбележувањето на европскиот проект за активно стареење и меѓугенерациска соработка и солидарност. Повикот на Владата на РМ и барањето сугестии и предлози за поуспешно креирање на Програмата за работа за наредната година, допре и до Сојузот, кој бездруго, ќе учествува и во оваа акција и ќе ги застапува интересите на своето членство. Со тоа, уште еднаш ќе ја потврди својата определба за европска ориентација, исполнувајќи ја и пораката на ЕУ за блиска и интензивна соработка со државните институции, преку кои побрзо, поцелосно и порелаксирано ќе ги остварува целите и задачите на Сојузот.

**Мендо Димовски**

# Кризата и пензионерите во ЕУ

Повеќето земји членки на Европската унија кои ги погоди економската криза се одлучија за скратување на приходите на најстарите граѓани, додека сите без исклучок ја зголемуваат старосната граница за заминување во пензија, па така сега во Европа наместо со 60 се оди во пензија со 65 години и повеќе.

Ова не е од причина што на луѓето со поголемо работно искуство им скокна цената, туку заради тоа што многу влади неопходните финансиски средства кои досега ги даваа во пензиските фондови како помош тоа веќе не можат да го прават. Втора причина за вакиот потег е што се зголеми и должината на животниот век на населението. Во многу земји каде што процентот на невработеност е висок речиси се изедначил бројот на вработени и пензионери!

Во Европската унија во овој момент има 120 милиони пензионери, а тоа е речиси 25 отсто од вкупното население. Притоа овој број постојано се зголемува, така што до 2060 година се очекува да биде изедначен со бројот на вработените.

Многу влади покрај скратување на пензиите и зголемувањето на старосната граница за заминување во пензија ги смалуваат и социјалните давачки по сите основи. Заради настанатите состојби Европската унија смета дека одењето подоцна во пензија и приватното капитализирано штедење се единствениот пат за решавање на економските проблеми поврзани со пензиите.

За волја на вистината реформите во овој домен во повеќе земји доведе до незадоволство, немири и протести. Покрај во Грција во моментов најголеми неволји со реформата на пензискиот систем имаат Италија, Франција и Португалија, сите презадолжени и кои во исто време трошат огромни средства од буџетот за исплата на пензии. Така на пример Грција и Италија речиси една третина од буџетот го трошат на пензии!

Според анализите не значи дека номиналните вредности на пензиите во сите овие земји се големи, туку значи дека пензиските фондови во голема мера се потпирале на државните буџети. За разлика пак англосаксонските, германските и скандинавските земји во кои системот на приватното пензиско осигурување е многу поразвиен во сегашнава ситуација се во многу подобра позиција.

Така во Германија и Финска пензиите пораснале на почетокот на кризата. Така е дури и во задолжената Ирска која неопходните интервенции ги спровела многу брзо иако се доста радикални. На Ирска и помогнал и фактот што односот на вработен спрема пензионер е доста висок и изнесува 5:1, а тој однос во Еврозоната изнесува 3:1 (на тројца вработени еден пензионер, а кај нас на 1,3 вработени 1 пензионер).

Во Италија, по Грција која е најпроблематична, пензиите во наредните две години ќе бидат замрзнати. Односно до 2014 година. Таа се надева дека до 2014 на тој начин ќе има буџетска заштеда од 9 милијарди евра, а старосната граница до 2018 ќе се подигне на 66 години.

Португалија неодамна „позајмила" од парите за пензии за да плати некои пријодјдени долгови, а Шпанија одлучила засега да не ги намалува ни платите ни пензиите. Во Шпанија старосната граница за заминување во пензија постепено се зголемува и ќе биде 67 години, што ќе биде меѓу највисоките во Еврозоната. Зголемувањето на старосната граница се оправдува и со фактот дека многу пензионери работат и се работоспособни и во поодминати години, се разбира не во сите професии.

**Просечните пензии во некои земји од Еврозоната пред кризата (2008) и сега (2012)**

| | (2008) | (2012) |
|---|---|---|
| Португалија | 500 евра | 397 евра |
| Грција | 750 евра | 600 евра |
| Британија | 870 евра | 608 евра |
| Шпанија | 950 евра | 883 евра |
| Германија | 930 евра | 1.176 евра |
| Финска | 1.415 евра | 1.649 евра |

Што се однесува до состојбите кај нас, можеме да бидеме донекаде задоволни бидејќи со новиот закон не се зголеми старосната граница, не се намалија пензиите на сегашните пензионери, покрај тоа Владата даде ветување дека во декември 2012 година ќе има вонредно зголемување од 5 %, во декември 2013 година 7.5 отсто и во декември 2014 10 отсто. Се разбира дека кај нас пензиите се мали, но мали се и платите. При тоа загрижува фактот што големината на односот просечна плата просечна пензија изнесува околу 50 % што е загрижувачки. Исто така загрижува и тоа што бројот на пензионери кои добиваат пензија помала од просечната (10 700 денари) е доста голем. Ова донекаде се ублажува со низата владини мерки за бенефиции наменети за овој дел од пензионерите. СЗПМ се залага покачувањата да не бидат линеарни туку да биде поголем процентот кај помалите пензи. Се разбира дека тоа води кон еден вид уравниловка, но принципот на солидарност е прифатен од пензионерите уште пред 100 години!

**Калина С. Андонова**

# „Куманово низ векови" - од Ванчо Михајловски

Пензионерот Ванчо Михајловски е познат новинар во Куманово и пошироко. Потекнува од старо градско занаетчиско семејство. Уште од гимназиските денови тесно соработувал со редакцијата на Радио Куманово, а по отслужувањето на воениот рок, две години работел во Скопје, а потоа се вратил во Куманово и работел во „Наш весник" и во Радио Куманово. Бил спикер, водител на програмите во живо, репортер... Бил директор, а се наоѓал и на други одговорни функции во новинарството.

Михајловски не е познат само во новинарството, туку и во спортот. Со неполни 18 години станал републички ракометен судија. Го положил и испитот за сојузен ракометен судија. Зад него се повеќе од 1300 натпревари во кои настапувале најдобрите републички и сојузни екипи од Македонија и од поранешна Југославија. За работата во новинарството и во спортот добил многубројни вредни признанија.

По книгата „Спомени за вечност" издадена во 2001 година, монографијата „Куманово низ векови" е второ дело на новинарот Ванчо Михајловски. Тоа е една прекрасна хронолошка сторија за родниот град Куманово, проткаена со множество поднаслови што се читаат во еден здив. Кога е во прашање родното Куманово како лајтмотив на книгата, емоциите ја потиснуваат реалната слика за сеопштото поимање на една генерација, носталгијата, за минатите добри времиња, вербата за перспективна иднина што ја нуди кумановското секојдневје.

Четириесетината поднаслови на инвентивен начин го потврдуваат неспоредливото значење и вредноста на овој неспорно пишан документ кој бездруго ќе стане дел од секоја домашна колекција и библиотека. Користејќи ја моќта на изразот и стилскиот пристап за концепција, авторот дава приоритет на субјектот Кумановец, на средината со мошне богато историско минато, на еснафот, на калдрмисаните тесни сокаци, познатите стари градски семејства, обичаите и збиднувањата кои Куманово го одвојуваат од останатите градови и го искачуваат високо на пиедесталот.

Дури кога ќе ја прочитате книгата, доаѓате до едно сознание дека авторот мошне храбро се впуштил во улогата на хроничар на времето минато низ столетијата на минатиот милениум, вешто и мошне успешно отсликувајќи го секој сегмент од градските пулсирања. Свесно впуштајќи се во ризикот на предизвиците кога е во прашање хронологијата на градот, на мошне уверлив начин, поткрепен со веродостојната документација и нараторската моќ, авторот Михајловски мошне умешно ја насочува, по многу нешта подзаборавената читателска потреба за нови сознанија и поткрепа на старите. Од тие причини оригиналното и автентичното поимање за Куманово и се што е кумановско, го издига на пиедесталот на кој се наоѓаат оние кои како тема во повеќе наврати и авторски трудови, го имаат отсликано својот роден град.




Како што ќе забележи и рецензентот на оваа монографија примариус доктор Јордан Пачков и во овој случај авторот, колку и да се обидува, не може целосно да го одбегне новинарскиот жаргон, но сепак ја прифаќа провокацијата и во овој ракопис, чувствително остријќи го перото, токму врз настаните кои се менуваат како на филмска лента кои оставаат хронолошки предзнак на приказната за Куманово и за неговите граѓани. На овој начин, тој свесно задира длабоко во интимата на читателот не оставајќи ве рамнодушен.

Цениме дека ќе биде добро уште еднаш на крајот да се нагласи дека со ова дело Ванчо Михајловски уште повеќе и се приближува на читателската јавност во Куманово и пошироко, бидејќи со своето принципиелно и изострено новинарско перо, го запира времето, ја потенцира важноста на настаните како неизбришлив белег на Кумановштината, го регистрира моментот на градската чаршија. Тој е современик на една генерација која ги почувствувала пулсирањата и придобивките на неодминливите општествени промени, на многу вешт и суптилен начин го стопира минатото и ја издига на мошне високо ниво сегашноста со сето нејзино значење.

Монографијата „Куманово низ векови" топло ја препорачуваме за читање на сите генерации, пред се на трагачите на вистината базирана на аргументи и веродостојни докази.

**Цветанка Илиева**

ЗП Лабуниште

# Здружение со многу активности

Секоја година ЗП Лабуниште организира екскурзии за своите членови. И оваа година 40 – 45 пензионери престојуваа 5 дена во соседна Албанија. Здужението го надгради и пензионерскиот дом за еден кат со сопствени средства. Инаку Домот е изграден со заложба на членови ентузијасти од ЗП Лабуниште. За изградба на Домот добиени се средства и од СЗПМ и од ЗП Гази Баба и ЗП Кисела Вода за што здружението на пензионери од Лабуниште им е благодарно. ЗП Лабуниште и меѓуприте изврши и пререгистрација на здружението.



Сите активности кои ги превзема ЗП Лабуниште се благодарение на економичноста во работата со која се работи во здружението. За ваквото работење заслужен е членот на ИО на СЗПМ од ЗП Лабуниште, Рамиз Ќазимовски, целокупното раководство и сите членови пензионери од ЗП Лабуниште. **К.А.**




Пред употреба внимателно прочитајте го упатството.
За ризикот и несаканите дејства консултирајте го Вашиот доктор или фармацевт.

ВО СЛАВНО ПЕЛИНЦЕ

# Вистинско рекреативно доживување во природа

Спортско–рекреативниот центар „Пелинце“ со право се вбројува меѓу најатрактивните и најпосетените места во нашава држава. На овој природен резерват, каде се наоѓа и Музејот на АСНОМ со повеќе атрактивни објекти, се забележуваат посетители од сите места од Македонија и од странство.



Овој привлечен локалитет израсна во пријатно собиралиште и на пензионерите од Македонија. Годинава во Пелинце се одржа рекреативно–забавна средба со популарно име „Еко хепенинг“ во организација на Здружението на пензионерите „Куманово“ – Куманово. На 18 август во присуство на десетина здруженија со над илјада пензионери, средбата ја отвори **Љубица Кузмановска**, потпретседател на Кумановското здружение, а за значењето на овие средби на пензионерите говореше **Спирко Николовски**, претседател на Здружението.

Обраќање на собирот имаше и секретарот на Собранието на општина Куманово **Валентина Алексовска** која даде висока оцена за перманентната активност на Здружението, на соработката со локалната самоуправа со порака за збогатување со нови содржини.

Присутните пензионери ги поздрави и претседателот на Сојузот на Здруженијата на пензионерите на Македонија **Драги Аргировски**.

И покрај високите температури, што ја зафатија Македонија летово, пензионерите успешно ги реализираа своите програмски задачи, подвлече Аргировски. До крајот на август и септември во фокусот ќе бидат излетите на уште неколку места, републичките пензионерски спортски натпревари, финалната ревија на песни, музика и игри и слично.

Во текот на престојот пензионерите го посетија Националниот музеј на АСНОМ и мегалитската опсерваторија Татиќев камен во Кокино.

**С. Н.**

# Пензионерите присутни на сите чествувања

Како и секогаш, пензионерите беа присутни на речиси сите манифестации во чест на 8–ми септември Денот на независноста на Република Македонија. Празничните и свечени чествувања имаше и во пензионерските здруженија во многу градови.

На главната манифестација која се одржа во Скопје на стадионот Филип II меѓу 70 000–те илјади присутни во 7/8 како едно големо македонско срце чукаа и многу пензионерски срца благодарение на 1.000 карти кои пензионерите ги добија бесплатно како подарок од семејството Тавитијан, Гаро и неговите синови, музичари од светски ранг, со голем музички талент и голема љубов кон својата земја и народ. Голема благодарност до семејството Тавитијан што ни го направија овој празник на душата.

**К.С.А.**

# Пензионерска средба во Кичево



На 15 септември 2012 година, во хотел „Арабела“во Кичево се одржа пензионрска средба, која беше организирана по повод Денот на ослободувањето на Кичево 11 септември 1943 година, и 10 годишнината од формирањето на Активот на пензионерки. На средбата присаствуваа над 560 пензионерки и пензионери од здруженија од на пензионерите од градовите: Охрид, Струга, Дебар, Ресен, Битола, Демир Хисар, Прилеп, Крушево, Гостивар, Тетово, Ѓорче Петров, Велес, Штип, како и од градот домаќин.

Средбата ја отвори претседателката на Активот на жени од Кичево, **Ангелина Ристоска**, која говореше за 10 годишната работа на Активот, а потоа присутните ги поздрави претседателот на ЗП Кичево **Лубомир Лукароски**.

Пред многубројните пензионери говореше и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** кој покрај топлите поздрави, говореше и за можностите за подобрување на здравствената заштита и подигање на на пензионерскиот стандард.



На пензионерите им се обрати и градоначалникот на општината Кичево **Благоја Деспотоски** кој меѓу другото напомна дека од пензионерите може доста да се научи и за нив секогаш се отворени вратите за соработка со локалната самоуправа.

Од името на Здружението и Активот на пензионерките на сите присатни здруженија им беа доделени благодарници за 10 годишна соработка.

**А. Ристоска**

# Пензионерска средба во Кавадарци

По повод Денот на независноста на Република Македонија и Тиквешкиот гроздобер во Кавадарци се одржа традиционална пензионерска средба. На оваа дружење присуствуваа околу 450 корисници на инвалидска и старосна пензија од здруженијата на пензионерите од Кавадарци, Прилеп, Тетово, Штип, Куманово, Велес, Неготино, Македонска Каменица, Гевгелија, Струмица, Свети Николе, Дојран и Богданци.



Средбата со пригодно обраќање ја отвори претседателката на инвалидските пензионерки на Македонија **Нина Стаменковска**, а присутните ги поздрави и **Стојче Ристов**, претседател на Здружението на инвалидските пензионери на градот домаќин Кавадарци.

Поздравувајќи ги присутните претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** откако им ја честита 21 годишнината на независноста на Република Македонија укажа на значењето на ваквите средби и во одбележувањето на европската година на активно стареење и меѓугенерациска соработка и солидарност при што посебни резултати остварува Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, како најбројна невладина и неполитичка организација. Тој ги потенцираше и очекувањата на Сојузот и на сите пензионери во РМ, од донесувањето на новиот закон за пензионерско организирање во нашата земја.



Во ресторантот „Ангро промет“ со музика, игра, дружење и ширење пријателство на инвалидски, старосни и семејни пензионери се создаде мошне пријатна другарска атмосфера.

**М. Јованова**

НЕГОТИНО

# Бројни активности и во летниот период

И покрај тропските горештини, Здружението на пензионерите од Неготино ни во еден момент не престана со своите активности. Летниот период беше исполнет со низа разновидни ангажирања на раководството и работните тела.

Го замоливме претседателот на ЗП Неготино – **Петар Захарчев**, да ни презентира некои од летните активности.

– Преку целото лето ги реализиравме програмските определби, но и активностите кои со својата актуелност бараа реализација. Во овој период посебно се истакнаа членовите на групата „Распеани пензионери“ кои остварија низа успешни настапи: на Манифестацијата „Летен културен бран“, на плоштадот во Неготино, потоа заедно со раководството на Здружението го посетија Домот за згрижување на стари лица „Жана“ каде имаа неколку часовно дружење со згрижените и персоналот на Домот. Тоа беше средба за паметење.Следен настап им беше на Јубилејната – 10–та регионална ревија во Кавадарци каде се вршеше и селекција за настап на Републичката ревија.



Преку соработката со Националната установа Центар за култура „Ацо Ѓорчев“ од Неготино, оваа пеачка група гостуваше во Кочани – Град на културата за 2012 година, каде оствари прекрасно претставување.

– На 17 август учествувавме на манифестацијата „Пензионерите пеат“ што се одржа во Дојран, а на која се претставија пензионерски ансамбли од 8 града од Југозападниот регион, а како гости беа Штип, Велес и Струмица.

Деновиве за потребите на МРТ, со нив беа снимени две песни. Тука се и настапите на 8 септември во Пробиштип, за Денот на ослободување на градот и Денот на независната на РМ, на 14 септември на манифестацијата „Пензионерите пеат“ во Кавадарци, и други.

Но покрај тоа ЗП Неготино успешно организираше излет на Зелено во манастирскиот комплекс „Свети Ѓоѓија“ кај Неготино на кој учествуваа околу 1500 пензионери од 12 здруженија. Исто така масовно беше присуството на пензионери на собирите во: Дошница – Демир Капија, Ораовица – Радовишко, Македонска Каменица, Дојран, Пелинце и други места.

Во јули и август, во неколку смени, 11 пензионери, користеа одмор во рекреативниот центар во Катлановска Бања и уживаа во благодетите што ги пружа ова одмаралиште .Летниот период беше искористен и за реновирање на работните простории, салата за состаноци и Клубот „Неготињијана“. Интензивно се одвиваше сабдувањето на огревни дрва за пензионерите. Активност покажаа и спортистите. Ова се само дел од летните активности – ни рече на крајот претседателот на ЗП Неготино.

**Петар Стефанов**

ЗП Кисела Вода Скопје

# Забележан настапот на пензионерите




Манифестацијата Културно лето „Три круши“ се реализира по седми пат на истоимениот рекреативен центар во с. Драчево од 16.06 до 18.08.2012. Секој петок и сабота со почеток во 20,30 часот настапуваа разни: КУД, пеачи и актери како од земјата така и од странство.

Организатор на оваа манифестација е општината Кисела Вода. На 28. 07.2012 година двочасовен настап имаа пензионерите на ЗП Кисела Вода – Скопје. Водител на програмата беше претседателот на Комисијата за културно забавен живот Слободан Илиевски. Настапот започна со „Земјо македонска“, потоа се редеа песни, ора и стихови. Носиите на фолклористите зрачеа од бината. Нашата фолклорна ризница го одсликува мачното минато, длабоката тага и компнежот за слобода на Македонците. Се пееше и играше до доцна во ноќта. Многубројната публика ги награди учесниците на приредбата со долг аплауз.

**Елица Даскаловска**

ПЕНЗИОНЕР плус

Весник за сегашните и за идните пензионери

Издавач:
СЗПМ

Година V – број 50
септември 2012 год.

БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК

Издавачки совет:
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

Редакциски одбор:
**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска-Андонова**
заменик главен и одговорен уредник;

Членови:
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева,
Баки Бакиу,
Костадинка Кајмакоска,
Фруска Костадиновска

Лектор:
Верица Тоциновска

Адреса:
СЗПМ „12 ударна бригада“
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

Компјутерска обработка:
СЗПМ

Печати:
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

# КУД „Ѓоко Симоновски“ на „Медијана фест“ во Ниш

На покана на Здружението на македонските граѓани „Вардар“ од нишката општина „Медијана“, а во чест на големиот и двојниот македонски Илинден, на први август 2012 година на летната манифестација „Медијана фест“, меѓу другите учествуваше и КУД „Ѓоко Симоновски“ од Куманово. Како единствен претставник од Македонија, Друштвото на отворената сцена во паркот „Свети Сава“ понуди грст песни и игри од Македонија. За нишинците од оваа општина и пошироката околина тоа претставуваше несекојдневна средба и потсетување со македонското изворно богатство.



Настапот на летната сцена го означи хорот со изведба на неколку песни. Потоа, настапија солисти, дуети и фолклорната секција и мандолинскиот оркестар. Сите се претставија во најубаво светло и испратија честитка за историскиот празник.

Во Ниш, Друштвото наиде на извореден прием. Делегацијата на ЗП „Куманово“ беше примена од Градоначалникот на општина Медијана, Небојша Крстиќ. На средбата присуствуваа и генералниот конзул на Република Македонија во Република Србија, Марјан Јовановски и раководството на Здружението на Македонци „Вардар“ предводено од претседателот Благоја Илиевски.

Настапот и вниманието со кое беа опкружени кумановските пензионери, како и посетата на спомен–обележјето на Чегар и на познатата Нишка Бања, ќе останат запаметени како успешно гостување во рамките на меѓународна соработка. Круна на тоа е и другарската музичко забавна средба во Домот на армијата во Ниш. Нишкото гостување е уште еден прилог во успешното десетгодишно дејствување на КУД „Ѓоко Симоновски“.

**Татјана Антиќ**

Здружение на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста на РМ

# Придонес кон одбележувањето на Јубилејот на АРМ



По повод одбележувањето на 20–годишнината од формирањето на Армијата на Република Македонија, во организација на Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста на РМ, на 9 август во Домот на АРМ беше одржана јубиларна конференција на која од повеќе аспекти се говореше за настанувањето, растот и достигнувањата на нашата армија. На Конференцијата присуствуваа високи бивши и сегашни функционери и директни учесници во настаните поврзани со Јубилејот на АРМ, пензионирани генерали и министри, актуелниот министер за одбрана и началникот на ГШ на АРМ, претставници на НАТО – советодавниот тим во РМ, претставници на Сојузот на борците, на Здружението на воените пензионери и повеќе активни и пензионирани старешини.

Во поздравниот говор претседателот на Здружението на ветераните и резервистите, генерал во пензија **Илија Николовски** го истакна значењето на Конференцијата од аспект на потсетувањето и потврдувањето на фактите од директните учесници на настаните и придонесот во удирањето на основните темели при формирањето и развојот на Армијата на Република Македонија, како историска вредност и потврда на вистината.

На конференцијата се обратија министерот за одбрана **Фатмир Бесими** и началникот на ГШ на АРМ, генерал–мајорот **Горанчо Котески**, а за формирањето на АРМ пошироко излагање имаше поранешниот министер за одбрана **Трајан Гоцевски**. Со свои дискусии на актуелната тема настапија околу петнаесетина пензионирани генерали и старешини, кои говореа за настаните и искуствата од областите на нивното поранешно ангажирање како придонес во изградувањето и афирмирањето на Армијата на Република Македонија.

Организацијата и учеството на конференцијата на поголем број пензионирани старешини од АРМ ја потврдија нераскинливата врска со Армијата и уште еднаш ја нагласија потребата за пренесување иползување на знаењата, искуствата и мудроста на постарите генерации.

Вклучувајќи се во одбележувањето на Јубилејот – 20 години од формирањето на Армијата на Република Македонија, на 18–ти август претставници на здруженијата на воените ветерани и резервисти и на воените пензионери и повеќе пензионирани генерали и старешини ја следеа воената парада што се одржа во касарната Илинден по повод чествувањето на празникот на АРМ.

**М.Д.**

ЗП Свети Николе

# Донесени повеќе одлуки

На неодамнешната седница со која раководеше претседателот на Извршниот одбор на ЗП Свети Николе Мирко Данаиловски, беа разгледани и донесени повеќе значајни одлуки, меѓу кои и одлуката за партиципација за бањско лекување во бањите Негорци и Катлановска бања на заинтересираните со 20% учество од здружението и одлуката за надомест на трошоците за превоз на пензионерите до бањата Кнежовица – Штип за сите пензионери од руралните области за преглед кај очен лекар.

Покрај тоа, на седницата членовите на ИО ја разгледаа и информацијата за спортските и културните настани кои ќе се одржат во месец септември. Исто така беа разгледани и други прашања и активности од изминатиот период, со посебна анализа на регионалните и републичките спортски игри во Струга и Крива Паланка.



Одборот заклучи дека сите активности успешно и квалитетно се реализирани согласно програмата, нагласувајќи дека треба да се истакне фактот дека во изминатиот период Здружението успешно организираше посета на знаменити места и манастири како што се: Пантелеј кај Кочани, Ораовица кај Радовиш, Герман кај Крива Паланка и други, а ја реализираше и традиционалната посета со два дена престојување во Дојран.

со 100% партиципација.

На оваа седница, исто така беа донесени и одлуки за еднократна помош на пензионери – социјално загрозени случаи, како и одлуја за надомест на трошоци за превоз до

**В. Петрушева**

# Меѓугенерациско поетско бдеење на Кокински мугри

Се повеќе се слуша за петтото светско чудо кокинската опсерваторија која заживува со посети, настапи на поети, актери и музичари. Така и оваа година, како неколку години по ред, на 31 јули 2012 година се одржа проектот „Бдеење на Кокинските мугри“, организирано од друштвото на писатели на Куманово, финансиски потпомогнато од локалната самоуправа.

– Друштвото на писатели од Куманово, ги собра на ова свето место на меѓугенерациска средба поетите од: Скопје, Штип, Куманово, Пробиштип, Охрид, Кочани и Велес за да ги излијат своите поетски чувства со дружење на Кокинските мугри, – во поздравниот збор рече претседателката **Божана Перо Трајковска.**

Потоа беше изведен перформанс, каде се изврши изборот на старешина на племето исто како што се правело некогаш, со првиот сончев зрак кој минува низ засекот



на карпите во точно одреден миг и паѓа врз главата на идниот племенски старешина кој седи на еден од трите камени престола. Оваа година актерот Тихомир Стојановски го огреа првиот зрак, а тој ги подаде рацете во молитва кон боговите. Потоа вокалниот квартет „Пела“ од здруженијата на Македонци во Република Словенија, исполни пригодни трогласни песни, при што публиката беше четвртиот глас. Прекрасното чувство ги покрена поетите од пензионери до пионери да ги излијат своите чувства со поетско читање на лични творби. Потоа кустосот на кумановскиот музеј **Деан Ѓорѓиевски** ги запозна присутните со древната опсерваторија сместена во карпите, која ја користеле нашите претци да ги пресметувале сончевите периоди и месечевите мени.

На крајот културно уметничкото друштво од Куманово го заокружи овој перформанс со зурли и тапани и заедничко оро, како некогаш што се правело според претпоставките со племенски танц.

Дружењето продолжи со поетско читање на Пелинце, значаен музејски и излетнички локалитет, а посетата на древната црква „Свети Ѓорѓија“ во Старо Нагоричани беше нешто плус за восхит од нашите добри домаќини.

**Цвета Спасикова**

# Еднодневна екскурзија во Албанија

Здружението на пензионери – Прилеп планирајќи ги дестинациите за екскурзии за оваа година, за прв пат предвиде патување во една од соседните држави. Се одлучи таа соседна држава да биде западниот сосед Албанија. На 30.08.2012 година во организација на комисијата за рекреација при здружението, патувањето се реализира. Беа посетени градовите Драч и Тирана.

Впечаток ни остави Драч како пристаниште и големо градилиште со голема перспектива за развој како пристаниште на тие простори на Јадранско Море и посакувана дестинација за туризам.



Тирана како главен град на Албанија ни пружи изненадувања како престолнина на државата со своите историски вредности од порано и сегашните зафати во врска со модернизација на истиот .

Иако времето беше кратко, а патот долг, еднодневната екскурзија помина во пријатна атмосвера.

**Љубомир Наумоски**

Огранок „Владо Тасевски“ од ЗП Карпош

# Постојано планско дејствување

Потрагата по поактивни ограноци во СЗПМ не доведе токму во огранокот „Владо Тасевски“ од ЗП Карпош, кој, според претседателот на ИО **Трајко Савески**, по многу критериуми и постигнати успеси се издвојува од другите, – објаснува претседателот на огранокот **Трифун Донев** и ги набројува активностите на клубот.

Користењето на Клубот е планско и за сите има доволно време и простор благодарение на добрата организација и координација, па се стекнува впечаток за доволна комоција, иако дневниот просек на посетители е повеќе од 60, а во просторијата место има само за 30 лица. Бездруго, тука свој придонес има и домаќинката на клубот, Верче Мирковска, која ги послужува посетителите со чај и кафе и беспрекорно се грижи за редот и хигиената.



гите. При посетата и во најжешките августовски горештини, во Клубот врвеше како во кошница. Издвоени според дејностите во одредените катчиња, повеќе од триесетина пензионерки и пензионери, се занимаваа со разни активности. Некои од жените плетеа, некои читаа или меѓусебно разговараа, а додека машкиот дел беше целосно посветен на древната шаховска игра.

– Истата слика се повторува речиси секојдневно, иако посетата на Клубот во летниот период е нешто намалена поради одморите и горе-

Позначајни активности Клубот бележи за време на подготовките за спортските натпревари и за учество во регионалните ревии на песни музика и игри, кога се зголемува интересот за учество и за избор на најдобрите. Тогаш позабележлива активност манифестираат и претставничките на понежниот пол, кои во спортскиот дел се покажаа посилни од мажите, бидејќи токму ним им припадна првото место во дисциплините шах и фрлање ѓуле.

Секретарот на Одборот **Љиљана Андоновска** има свое објаснување за успесите на жените и во другите области, бидејќи времето што го поминуваат во Клубот во понеделник и во четврток, детално им е испланирано, дури и им недостасува, па затоа се состануваат и на други места, се договараат, се дружат и релаксирано го поминуваат времето. Таа не пропушти да ги истакне и најактивните пензионерки, претседателката на Секцијата на пензионерки, Мирјана Спирова, Виолета Несторовска (член на ИО, најредовните посетителки на клубот – Марија Стевкова, Зора Кузмановска и ненадејно починатата Невенка Тренковска, а списокот може да се прошири уште со: Нада Прошева, Мирјана Караколева, Софија и Павлина Спасовска, Стојна Коцева, Спаска Мартиновска, Живка Димитровска, Катица Стојанова и други.

Во Клубот се одржа и неодминлива средба со доајенот на шаховската игра и учесник на многу меѓународни натпревари Лазар Крстевски, кој како претседател на Комисијата за спорт и рекреација, меѓу членовите ја шири љубовта кон шахот и ги подготвува учесниците за натпревари, во и надвор од Здружението.

**М.Д.**




**НЛБ Сребрен пакет**

- VISA Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Тутунска банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**

- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во сите аптеки на Зегин
- **3% попуст во ВЕРО** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката

NLB Тутунска банка

www.nlbtb.com.mk Контакт центар: 02/15-600






**Фиксна телефонија на ONE**

ONE Ви нуди најевтино решение за фиксна линија со кое добивате:

- Најниска месечна претплата од 149 денари
- Бесплатно го задржувате стариот број
- Иста цена за разговори во цела земја
- Без надоместок за приклучок (со 24-месечен договор)
- Најповолни цени за разговор
- Бесплатен фиксен телефон – HWCD399

Повеќе информации во **Центарот за грижа за корисници на (02) 181.**

www.one.mk

ПРОЧИТАВ ЗА ВАС

# Употреба на човекот

*„Пишувањето е животински инстинкт". (Алесандро Барико)*

По препрочитувањето на романот **Сенката на лилјакот** (140 страни) од **Крсте Чачански**, ***во мислата на Барико го препознав творецот и неговото дело***. Ме водеше низ прилогов. Авторите од форматот на Чачански предодредени се да ги спознаат, внимателно реконструираат и истрадаат туѓите животи. Таа потреба и дарба скапо се плаќа: се книжи на контото на сопственото живо време и се одзема. **Седено. Купено, колку чини нека чини!**

Чачански е поет, раскажувач, романсиер. Роден е на **25. 09.1949** год. во село Драслајца, Струшко. Филолошки факултет заврши во Скопје. Работи како директор на Домот на културата во Струга. Член е на ДПМ.

Со негов потпис се книгите: **Бреовина,** поезија, **Писма,** раскази, **Бермудски триаголник,** раскази, **Лавиринт,** поезија, **Божјиот сон,** роман, **Азбукар,** поезија за деца, **Сенката на лилјакот,** роман, **Индиго и Квазар,** раскази, **Книга на небото**, роман. Тие му ги донесоа наградите: **Мисла**, **Рациново признание, Стале Попов, Гоцева повелба**, **Живко Чинго.**

**Почина на 14. јуни 2003 во родното место.**

Пријателите го викаа **Толстој од Драслајца**, поради талентот и живата врска со селото, со *„неговата Јасна Полјана".*

Првиот печалбар од лозата Зоролска од Балкино е **Климент Зоролко**. Оженет, татко на **Апостол Зоролски**, во полна сила и амбиција да се откине од селото и да го запознае светот и неговите можности. Со тајфа отишол во Влашко. Работел, бил ценет, но немоќен да ја заузда младешката страст. Двете убавици на газдата прифатиле да го делат меѓу себе. Кога неговиот корен ќе пушти жили во нив, бега во Кишињев, оттаму во Америка. Ќе го снема, како да испарил: десетина години од никаде ни пара ни писмо. Неговата жена, на Анката гледачка во Охрид, полна со надеж дека ќе си го врати домаќинот, ќе ѝ однесе сè што нарачала: жив лилјак, јајце од штрк, мастило исцедено од гороцвет со кое на едно книџуле ќе порача: ***дека се без пари, без него, и сега: спечалил - не спечалил, да си дојде!*** Одговорот гласел: *Не барајте ме веќе.* ***Бев човек, сега сум лилјак.***

Дилемата: жив–мртов останува до враќањето на Зарче Спасески од Америка. Тој раскажа дека Климент спечалил пари, зборот му врвел, парите правеле да му се верува и му верувале. Сè додека за време на прохибицијата не се здружил со некои Италијани. Њујоршката полиција му го направила грбот како мевот. Во болницата, одвај го искрпиле, му ставиле златни шипки на местото на скршените ребра. Но не успеал да се спаси од оние чии имиња ги споменал во истрагата: му го распориле стомакот, му ги извадиле шипките... Тука е крајот.

По ваков расказ стравот е природен. Но, Апостол Зоролски, пикнат во тесно, прави инаква сметка: ***Во ихтиза сме.*** Нашиов Климент во Струга поминуваше со еден пешник неделно. За ѓеврече или сарајлија немавме. А тој учеше и беше наша гордост! Дури и англиски научи. Како да се избавиме од мизеријава? Америка! Сепак, Америка му е мајката: дава, но и зема ако не одиш по редот и законот. Нас животот нѐ научи да го почитуваме Бога. Јас сум стара коска, немајте гајле!

„О"Од почетокот на создавањето на земниот круг и пред да бидат установени границите на светот... пред да бидат одделени оние што грешат и бидат запазени оние што ја пазеле верата како сокровиште, тогаш Тој помислил и се создал Самиот,... исто така, од него ќе дојде и крајот"... – **Савета** ги упатуваше децата во словото Божје од Третата Книга на **Езра.** Таа не го разбираше тоа докрај, но имаше срце да го почувствува. Не на истиот начин како младиот Климент, којшто деноноќно се мачеше да ја насети со своја логика Големата Тајна, праматеријата и почетниот импулс на апсолутната енергија, кој ќе го удри првото топче во молекуларниот систем од кого во времето потоа ќе зависат сите промени. Тоа го исполнуваше со некое божевно чувство кое го сфаќаше како дел од сонот за освоената лична слобода.

Се стегнаа да ја реализираат намерата. Продадоа две ниви за да платат **поткуп на врските**. На тој пат Апостол отиде без Савета, таа умре некоја недела пред тргање. Ја закопаа во гроб од кој ргнала вода дури го копале. Во Балкино остана и Данијела, со клучот од влезната врата околу вратот: да проветрува и да го чува заветот на Климент дека еден ден ќе ја венча.

Во Америка засолниште им даде Теси Анарифе, газдарица на секаков џган. Триесеттинагодишна Андалузанка, со езотерична убавина, но посестрима на ѓаволот. На Апостол му понуди формално да се венчаат со што **тој** ќе си обезбеди **зелена карта**. Тоа е бизнис, како и секој друг и се плаќа, дообјасна. Не ѝ требаше многу време да ја покаже темнината на душата и порокот. Младиот, убав Климент е првата жртва на нејзината похота. Таа ја одлага божемната свадба со татко му и прави сè да завладее и со Нонета, постариот син. Го храни злото, тоа расте и метастазира. Ги уценува, без грижа на совест. Кога Климент сака да се ослободи, го исмева: *Веќе нема да ја одлагам свадбата, ќе ти бидам мајка!* Се венчава со Апостол, тој ги брои договорените пари да ѝ плати, таа бесрамно се подбива: ***ние сме венчани***, вели. Кумот и гостите остануваат сами на свадбениот ручек. Теси го вози Апостол во викендичката... Вечерта во апартманот сите пијат до бесвест. Таа повраќа. Ноне ја носи во бањата. По неколку време ќе се врати во собата озарен, ќе каже: *Јас и Теси се веривме, ви кажуваме да се радувате.* ***О, да: светот им припаѓа на бескрупулозните, наивните се подло употребени!*** Таа е **последната вечер** која Зоролковци ја минуваат **заедно.** По две години Ноне по телефон ќе го извести Климента: Имаме *двегодишно детуле, многу е убаво, само не зборува.* **Да е живо и здраво, ќе заборува потака,** вели Климент. **Но, кажи ми што сум му јас нему: стрико, татко или брат.**

**Епилог:** „Климент Зоролски **умрел на 27. август 1992** година, во една болница за сида во **Њујорк. Една квечерина облекол крилја на лилјак и летнал од прозорецот.** Пуздеросан, собран е во пластична вреќа, а другиот ден погребан е до дедо му Климент Зоролко – Лилјакот, на гробиштата во Хадсон". **Конечно, веќе никој за ништо не може да го употреби.**

**Борис Шуминоски**



Интервју со Зоре Мицкоски, член на ИО на СЗПМ.

# Изградување насоки за дејствување на базата

Речиси уште по самото конституирање на Извршниот одбор на СЗПМ, **Зоре Мицкоски** се наметна со својата активност и стана препознатлив по своите дискусии и предлози на седниците за поуспешно остварување на Програмата за работа. Големата посветеност на задачите и акумулираната енергија од работата на ИО тој ги трансформира во дејствувањето на Здружението Охрид и Дебрца, кое го претставува, и како член на Собранието на СЗПМ. Пред да го заземе своето „резервирано" место на 13–тата седница на Одборот, му поставивме неколку прашања.

**Во Вашите настапи на седниците на ИО најмногу се потпирате врз знаењата, искуствата и мудроста што ја поседувате, но восхитува и Вашата енергичност, иако ја трошите деветтата деценија од животот. Од каде сето тоа доаѓа?**

– Сето тоа доаѓа од поминатото во претходниот период и пред пензионирањето. Уште кога тргнав од родното Арбиново – Дебрца, низ школувањето во Охридската гимназија, на Филозофскиот факултет, Педагошката академија и, да не набројувам натаму, потоа низ работата, како професор во Охрид и во Кичево и најмногу како секретар во поранешните сизови за образование, за детска заштита, за култура и физичка култура, каде што поминав 20 години, стекнував знаења и искуства кои сега ми се добредојдени. Сепак, овде не може да се одмине и ангажирањето во Здружението Охрид и Дебрца од 1998 година, во кое бев член на Собранието во два мандата и на многу други одговорни должности. Староста сигурно има свое влијание, меѓутоа, со релативно добро здравје и со волја и добра мисла се надминуваат годините, а зголемената ангажираност го држи организмот во готовност и го зајакнува одбранбениот механизам.

**Се стекнува впечаток дека по многу прашања од животот на пензионерите имате свои погледи и ставови, но, колку се тие автентични и усогласени со базата?**

– Секогаш моите ставови и мислења не се само мои, туку и на Здружението на кое припаѓам. Нив ги изградуваме заедно во базата, на седниците на раководството и на Извршниот одбор, на чии седници задолжително присуствувам и учествувам во расправите по актуелните теми и прашања. Тогаш ги информирам членовите за работата на Извршниот одбор на СЗПМ и ги трансформирам заклучоците во насоки за дејствување на Здружението. Сакам да нагласам дека обостраното информирање и координирањето на активностите со Сојузот се од исклучителна важност за остварување на целите и постигнување успех во дејствувањето. Без повратна информација од едната и од другата страна, без „фид–бек", нема импулси и динамика за движење напред и нема успешна реализација на задачите.

**Во работата на Извршниот одбор на СЗПМ како да постои некаква засилена динамика и еве, на почетокот на второто полугодие ја одржа 13-тата седница и со тоа темпо до крајот на годината ќе ја дуплира оваа бројка. Колку тоа го оптоварува финансискиот план и создава материјални трошоци?**



– Речиси на секоја седница ИО поднесува отчет за материјално–финансиското работење и според контролата и известувањата на Надзорниот одбор, трошењето на средствата, не само што е во рамките на планираното, туку има показатели за заштеда и прилив на средства по разни основи. Домаќинското работење, економичното и рационалното трошење на средствата, се основното мото во дејствувањето на Извршниот одбор. Секој трошок е покриен со ефект, оживотворен е и оплодотворен со голем број активности и резултати кои се видливи и мерливи. Така е и со зачестените седници, кои, можеби така изгледаат, меѓутоа тие се плански и доколку ретко се одржуваат, се стекнува впечаток дека се прави пауза во дејствувањето, значи се одмораме и ги оставаме проблемите настрана. Затоа на седниците даваме отчет за сработеното, а успесите ни даваат поттик за натамошно поактивно и пореално исполнување на задачите.

**Што уште претставува инспирација за Вашето дејствување?**

– Како еден од постарите членови и активисти во пензионерската организација го следам растот и развојот на Сојузот и без двоумење сакам да нагласам дека со доаѓањето на новото раководство на чело со претседателот Аргировски, се почувствува посебна раздвиженост во СЗПМ, што се одрази врз подобрувањето на квалитетот на животот на пензионерите, не само во остварувањето на правата од социјалното осигурување, туку и во унапредувањето на културно–забавниот и спортско–рекреативниот живот, а верувам дека придобивките ќе бидат уште поголеми и со донесувањето Закон за пензионерско организирање кое е забрзано, повторно ќе нагласам, најмногу благодарение на нашиот многу агилен лидер на пензионерите во права смисла на зборот.

**Мендо Димовски**

**Писма**

# Во „Пензионер плус" за секого понешто

За секое доба од животот има весници кои читајќи ги, ни го разубавуваат денот. Многу списанија има за возрасните, посебно за жените, а нам пензионерите ни е подарен весникот „Пензионер плус". Петта година и по 50–ти пат е во нашите домови и со нетрпение пензионерите очекуват да излезе новиот број, а повеќето од нив би сакале и два пати месечно да излегува. Весникот се чита од прва до последна страница и секој пронаоѓа нешто посебно и интересно за себе. Тука се настаните и информациите од сите Здруженија во земјата, како и активностите на Сојузот.



Читајќи ги културните настани се запознаваме со автори – пензионери и го збогатуваме своето знаење на културното поле, а ги обновуваме сеќавањата на веќе прочитаните книги.

Имтересни и мошне занимливи написи има за пензионери спортисти. Во нив преку весникот запознаваме луѓе со големо спортско срце, на чии успеси можеме да им се восхитуваме, а на младите генерации да им служат како пример.

Здравјето е нешто најбитно, но тоа повеќе го чувствуваат луѓето во зрела доба. „Пензионер плус" – ни подарува едукација со многу совети, како да го подобриме и зачуваме нашето здравје и како да изгледаме помлади и поубави.

За пофалба е и тоа што однеодамна се воведе и страница на албански јазик со што весникот им стана уште подраг и поблизок и на Албанците пензионери.

Членовите на редакцискиот Одбор мислат на се, па можеме од срце да се насмееме читајќи хумор и занимливости, заедно со стрипот и малите басни.

И уште нешто сакам да истакнам. Често одам во Србија и сум изненадена што 1 700 пензионери во Србија немаат свој пензионерски весник. На интернет од време навреме го читам весникот на хрватските пензионери, но нашиот е многу поубав и посодржаен. Ги следам и бугарските пензионерски весници, но тие не се бесплатни и се полни со „таблои" од починатите!

Нашиот весник изобилува со многу нешта и е по мерка на нас пензионерите. Многу е популарен и баран, а го читаат и децата и внуците на пензионерите.

Голема благодарност, почит и восхит на луѓето кои го креираат и создаваат ова гласило.

Нека му е честит јубилејот и да го читаме уште многу години во поголем тираж и по можност два пати месечно. Дотогаш оние кои немажат да дојдат до него, нека го читаат на веб страницата на СЗПМ.

**пензионерка Вукица Петрушева**

ЗП Гевгелија

# Нов претседател на ИО

По барање на досегашниот претседател на Извршниот одбор на Здружението на пензионери на општина Гевгелија Ристо Танелов за повлекување од фукцијата од здравствени причини, Собранието на ова здружение на седницата на 12 јули 2012 година, го разреши од должноста и му се заблагодари за придонесот и постигнатите успеси во изминатиот период.

За нов претседател на ИО Собранието едногласно ја избра **Лена Семенакова**, досегашен член на Извршниот одбор, која се заблагодари на довербата и вети дека во наредниот период со сите сили ќе работи на остварување на Програмата и унапредување на дејствувањето на здружението.

Собранието разгледа и други актуелни прашања и проблеми од аспект на подобрување на квалитетот на животот на пензионерите и исполнување на правата што произлегуваат од пензиското и инвалидско осигурување.

**Б.К.**

ГРАЃАНИТЕ ОД ТРЕТАТА ДОБА НАЈЧЕСТА ЦЕЛ НА ИЗМАМНИЦИ

# Старост без заштита

Не заслужуваме постојано да бидеме жртви на криминалци и измамници, велат пензионерите и бараат поголем ангажман од полицијата.

Лажни поштари ограбиле старец во неговиот дом, малолетник силувал и ограбил старица во Штип, битолски пензионер му отворил врата на разбојник, па бил претепан со бејзбол–палка... Ова се само некои од вестите во медиумите, кои секојдневно информираат за пензионери што наседнале на измама.

Скопските пензионери се редовни муштерии на џепчиите во градските автобуси и на пазариште, а на старициите сред бел ден им го крадат златниот накит од вратот.

Како да се заштитат оваа ранлива категорија граѓани е проблем со кој се соочуваат полициите низ целиот свет бидејќи старите лица поради



нивната физичка и психичка немоќ се најлесна цел на криминалците.

Пензионерите во Македонија со право сметаат дека старите лица заслужуваат достоинствен живот, а не да бидат постојано жртви на криминалци и измамници. Од полицијата, пак, велат дека постојано работат за засилување на превенцијата, но за да бидат кампањите поуспешни, потребна е помош и од медиумите.

**Пари чуваат под перница**

Според Драги Аргировски, претседател на Сојузот на здруженија на пензионери, состојбата е загрижувачка.

– Пензионерите и постарите лица што живеат сами, особено во руралните средини, постојано се на удар на криминалци и измамници, кои ги ограбуваат, силуваат и измамуваат. Не ретко за мали пари ги губат и животите. Овие луѓе во поодминати години заслужуваат респект и достоинствен живот – вели Аргировски.

Сојузот преку локалните здруженија организира кампањи и средби со помош на МВР и на Црвениот крст, преку кои ги советуваат пензионерите како да се заштитат од измамници и кражби.

– Старите и изнемоштени најмногу се на удар во руралните средини. Таму криминалците ја знаат состојбата на мештаните – кој има деца во странство, кому му стасуваат пари, дали живеат сами и сл. Измамниците често се претставуваат како гастарбајтери, кои се пријатели на нивни роднини. Ги лажат дека нивното дете или роднина се во неволја во далечната земја и оти им се потребни пари, па се нудат да им ги однесат. Затоа секогаш им препорачуваме да не отвораат врата на непознати и да не им веруваат на сите – вели Аргировски.

Од Сојузот ги советуваат пензионерите да не ги чуваат парите дома бидејќи така стануваат лесен плен за крадците.

– Овој проблем е изразит во Кумановско, каде што има многу печалбари во Авганистан. Тие им испраќаат пари на родителите, а луѓе како луѓе, брзо дознаваат за сè. За тоа ќе слушнат и крадците, па некој ќе им ги украде – вели претседателот на Сојузот.

Безбедноста на постарите лица, вели Аргировски, ќе се зголеми и со отворање дневни центри, какви што има во Скопје и во други градови.

– Целта е да им се помогне на постарите, на кои волонтерите им купуваат храна или лекови и им ги носат дома за да ги поштедат од непотребни ризици. Овде е значаен и психичкиот момент, бидејќи со солидарноста што ја чувствуваат, знаат дека не се оставени сами на себе – вели Аргировски.

**На село најзагрозени**

За да се спречат кражбите на пензионерите, Сојузот направил договори со неколку банки за директно доставување на пензиите. За старите лица што немаат телефони, од мобилните оператори обезбедуваат припејд–картички за да можат да се јават кога имаат проблем.

– За поздравување е враќањето на полициските патроли во селата. Во Скопје состојбата е подобра оти има повеќе полиција, побрзо се дознава ако некој е нападнат. Во селата старците се сами, па ако станат нечии жртви, треба време тоа да се открие и да се алармираат другите – вели Аргировски.

Од МВР, пак, велат дека имаат многу работа на превенцијата.

– Контактите со пензионерите се одвиваат преку директни разговори во старските и пензионерските домови, но и преку советодавните групи граѓани по градовите. Ги советуваме како да ги детектираат проблемите и да не бидат изманипулирани. Таков беше случајот со лажните медицински сестри, кои лани им продаваа различни медицински производи на пензионерите, а за високите цени што ги плаќаа добиваа ветувања за бесплатно бањско лекување – вели Хризантема Рендевска, раководителка на отсекот за превенција при СВР Струмица.

**Игор Шегавиќ ДНЕВНИК**

# Пензионерите и понатаму ќе плаќаат партиципација за лекови

Новата мерка на Владата за бесплатно здравство за пензионерите им следува на пензионерите со пензија под 10.600 денари и само доколку имаат потреба од болничко лекување. Пензионерите и натаму ќе мора да плаќаат партиципација за прегледи по болници и клиники, за лабараториски и друг вид испитувања и анализи, како и за лекови. За пензионерите е добредојдена оваа бенифиција, но и натаму не се откажуваат од барањето да бидат ослободени од плаќање партиципација за лековите, што им е голем товар за нивните месечни приходи.

За Сојузот на пензионерите мерката на Владата за бесплатно болничко лекување е добра за нискиот стандард. Податоците на Сојузот покажуваат дека во државата има околу 175.000 пензионери со пензија под просечната, која изнесува околу 10.600 денари. „Месечно има по најмалку 50 случаи во цела земја кои бараат помош од Сојузот, бидејќи не можат да ги платат трошоците за болничко лекување. При секое здружение на пензионери има комисија за здравство, која според висината на пензијата одредува колку проценти од болничките трошоци ќе му се покријат на пензионерот од Солидарниот фонд. Најчесто Сојузот плаќа до 50% од сумата која пензионерот ја платил за болничко лекување, но има и случаи на оние со ниски пензии да им се покрие и целото болничко лекување", објаснува Драги Аргировски, претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Голем проблем за пензионерите е постапката за барање финансиска помош, посебно што пензионерот мора прво сам да си ги плати болничките трошоци, а потоа да побара средства за лекување од Здружението на пензионерите. „Со оваа мерка на Владата сега пензионерите со пензија под 10.600 денари ќе бидат директно ослободени од партиципација за кое било болничко лекување или за каква било операција", објаснува Аргировски.

Во земјата има пензионери кои земаат и по 4.000 денари месечно која не им стасува ни за половина партиципација за болничко лекување, ако се знае дека најскапото болничко лекување или операција за еден пензионер над 65 години чини околу 6.500 денари.

Аргировски не смета дека бесплатното лекување е предизборно додворување, бидејќи уште на почетокот на годината доставиле иницијатива до Владата сите пензионери над 65 години да бидат ослободени од партиципација и за лекување и за лековите". Со нашето барање ќе беа опфатени околу 100.000 пензионери, а мерката на Владата ќе може да ја користат околу 175.000 пензионери. И на мала работа се радуваме. Како Сојуз мора да соработуваме со секоја власт и секоја мерка што е во наша корист е добредојдена", вели Аргировски. Тој додава дека и натаму не се откажуваат од барањето пензионерите да бидат ослободени од плаќање партиципација за лековите.

Од Министерството за труд и социјална политика не знаеја да објаснат што предвидува мерката бесплатно здравство за пензионерите, ниту колку пари се предвидени за неа. „Пакетот услуги што ќе се опфатат со овој проект се надлежност на Министерството за здравство", велат од Министерството за труд и социјала. Оттаму само потврдија дека просечната пензија во земјава изнесува 10.600 денари и моментно има 167.249 корисници на кои им се исплаќа пензија под просечната.

Од Министерството за здравство, пак, велат дека планираат да се потрошат околу 820.000 евра на годишно ниво за оваа мерка. Но, не откриваат од кои извори ќе се обезбедат овие средства. „Министерството е задолжено да направи програма преку која ќе се обезбедат сите активности, што се поврзани со бесплатното лекување на пензионерите", велат од Министерството за здравство. Од овој ресор потенцираат дека бенефицијата ќе важи само при акутни состојби за пензионерите кои имаат потреба од болничко лекување.

**Јасмина Јовановска „Утрински весник"**

Приказна од животот

# Селма

Веќе беше ја почнал седмата деценија од животот. Беше успешен и афирмиран архитект, професор на факултет, познат и ценет и од колегите и од студентите. Имаше семејство, сопруга која интелектуално му одговараше, а физички според годините изгледаше сосема добро. Кога се сретнаа веќе беше вработен и навидум излечен од неговата голема студентска и неостварена љубов. Дафина сосема се вклопуваше во неговата претстава за добра сопруга. Беше добар пријател и другар иако чувствата кон неа беа поинакви од оние кон Селма.

Потоа дојдоа децата, а животот доби вообичаен класичен тек. Синовите веќе беа возрасни луѓе со оформени семејства и градеа сопствени кариери.

Годините минуваа, а тој се трудеше животот да му биде исполнет. Одржуваше предавања, пишуваше книги, учествуваше на многу проекти. Невечер шеташе низ градот, ги гледаше своите дела и си ја полнеше душата со емоции. Понекогаш чувствуваше некаква необјаснива празнина. Се прашуваше што е тоа што му недостасува, кога навидум има се...

И тоа утро тргна на предавање вообичаено расположен и подготвен за уште еден обичен работен ден. Влегувајќи во кабинетот, на масата забележа испечатена порака. Фрли поглед и без да ја прочита тргна кон вратата. Нешто го врати, се сврти и ја зеде пораката.

Конгрес на архитекти – Њујорк.

Прелета со погледот преку имињата на личностите кои ќе имаат излагање. СЕЛМА. Не можеше да поверува. Во градите почувствува немир, возбуда, чудно треперење... Уште еднаш ги прочита имињата. И презимето е исто. Не се омажила. Глупости: тоа е вообичаено кај еманципираните и афирмираните жени да не си го менуваат презимето. Го стутка листот и отиде на предавање. Тешко му одеше, беше деконцентриран, збунет. Едвај чекаше да заврши часот.

Се врати во кабинетот и седна во својата фотеља.

Селма. Селма...

Боже, зар е можно нејзиното име да предизвика таква бура во него?! Па нели се заколна пред многу години дека ќе го заборави тоа име. Дека ни еден миг нема да мисли на жената која го напушти без да се поздрави, без да му каже каде заминува. И колку да наоѓаше оправдување за нејзината постапка во неодобрувањето на своите и на нејзините родители на нивната врска, заради различните вери и обичаи, сепак сметаше дека постапката и е сурова, нечовечна, малодушна. Друга вера?! Други обичаи?! Не можеше да верува дека тоа е причината, барем за неа. За родителите знаеше дека им пречи. Тоа беа други времиња...

Долго време се обидуваше да дознае каде заминала, со кого, но без успех. Никој не сакаше да му помогне да ја пронајде, да ја врати во својот живот. И како што се случува вообичаено, се навикна на болката, на лутината, на животот без неа... А колку многу му значеше, колку многу му недостасуваше, знаеше само тој. Кога беа заедно, мислеше дека знае и таа. Не било така, инаку немаше да замине без збогум, без поздрав...

Изгледа и за неа причината била голема што заминала толку далеку.

Конгрес на кој ќе биде и таа. Што да прави?! Дали да оди? Дали да дозволи да оживеат старите рани. Не се рани, си велеше самиот на себе. Лузни се. Длабоки. Од друга страна нема ли право на радост, зошто да се откаже од шансата која му ја пружа животот пак да ја сретне, да биде можеби среќен како некогаш барем неколку часа, неколку дена...

Наредните денови живееше како во бунило. Лентата со настани од пред четириесет години му се вртеше пред очи и дење и ноќе. Беше вознемирен. Беше болен од минатото, од спомените. Неговата состојба не беше незабележана. Сите го прашуваа што му е, а тој одговараше дека е добар, дека е се во ред.

Времето за пријава се приближуваше. Одлучи. Ќе оди на конгрес. Ќе се сретне со Селма, љубовта на својата младост.

Излезе од таксито. Дуваше некој силен ветар. Му беше и топло и ладно. Во главата му се роеја секакви мисли. Како изгледам? Дали добро се облеков? Се подисправи иако грбот го болеше од долгиот лет, а и од годините. Ја замазни проседената коса и си рече: ќе се чуди кога ќе ме види. Можеби нема ни да ме препознае? Оваа црна мисла му ги избрка пеперутките во градите. Пеперутки... Се насмевна и го забрза чекорот.

Во преполната конгресна сала некој веќе имаше свое излагање. Подзамижа за да направи добар фокус на особата која говореше и осети слабост во нозете. Срцето силно почна да му чука како срце на заробена птица. Излагачот беше Селма. Неговата Селма. Изгледаше преубаво, продуховено, возрасно, смирено. Ја следеше внимателно и му се чинеше дека излагањето бесконечно трае...

Конечно заврши. Тргна кон неа како во транс, како во бунило. Тоа чекорење му заличи на тунел на чиј крај стои таа.

– Се радувам што дојде, – беа нејзините први зборови пружајќи ги рацете кон него за поздрав. Тој молчеше, не можеше ниту збор да каже. Имаше впечаток како минатото да му долета во прегратки. Чувството и спомените го давеа.

– Уште ли ми се лутиш?! Поминаа многу години?! Така беше најдобро за сите. Слушам дека ти оди добро. Дека имаш семејство, кариера... се знам за тебе. Јас платив повисока цена. Сама сум!

И ги стегна рацете, цврсто земајќи ја во прегратка и прошепоти:

– Веќе не си. Наредните години ќе бидат наши. Само наши. Моето отсуство таму никој нема да го забележи, сите си имаат свој живот. Се разбира ако тоа и ти го сакаш.

**К.С.Андонова**

# Пензионер - добродател

Драги Мицевски, инвалидски пензионер од Здружението од „Кисела Вода" е пензионер кој редовно го исполнува воспоставениот ред во денот и не отстапува од програмата која ја вградил во себе уште при пензионирањето во 2002 година. Без да го откриваме распоредот на времето што најмногу му одговара за работа, одмор и рекреација, сакаме само да ја споменеме неговата редовност во Клубот на пензионери на ЗП Центар при урбаната заедница „Роберт Гајдиќ", која во однос присутноста, без конкуренција му го обезбедува првото место. И посетителите се навикнаа на него, а особено домаќинката на Клубот, кај која Драги почесто престојува, но и и помага во распределбата и собирањето на реквизитите за игри и забава. Исто така, негова незадолжителна грижа е во Клубот да има на дофат на присутните повеќе броеви од весникот „Пензионер плус", а доколку некој се интересира за содржината, тој е подготвен сите прилози да му ги прераскаже, бидејќи е добро информиран и, се чини дека е еден од најредовните и најревносните читатели.



– „Пензионер плус" од почеток до крај го прочитувам веднаш кога ќе излезе, а многу читам и други весници и литература, главно за земјоделието, бидејќи тоа ме интересирало од порано, додека работев во ОХИС, но и подоцна, кога се занимавав со одгледување овошки, – вели Мицевски.

Кога разговаравме со Мицевски, времето за престој во Клубот веќе му истекуваше и тој беше подготвен да замине во Пракот под дебелите сенки, каде најмногу му одговара за здравјето и за „напојување на батериите" кои му даваат сила за наредните денови. Овој пензионер, преполн со оптимизам, со мудрост, со добронамерност и човечност, остава впечаток дека со овие добродетелства се олеснува и обогатува животот особено кај постарите генерации кои знаат таа привилегија да ја негуваат и ползуваат.

**Зорица Стојановска**

### Кочани: Десетта регионална ревија на песни, музика и игри

# Богатство од песни, обичаи и носии од Осоговијата, Пијанец и Малешевијата

Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија на 1 септември 2012 година, во Центарот за култура „Бели мугри" во Кочани, се одржа Десеттата јубилејна регионална ревија на песни, музика и игри, на која домаќин беше Здружението на пензионери од Кочани. Како по традиција Ревијата започна со дефиле низ улиците на градот, при што доминираше убавата изворна носија, како и песните и ората исполнети од народни инструменти и со играорци од општините чии пензионерски здруженија настапија.


ЗП Виница


Ѓорѓи Серафимов


Спирко Георгиев


Станка Трајкова



ЗП Македонска Каменица

Во преполната сала на Центарот за култура гостите и учесниците на Ревијата ги поздрави и им посака добредојде претседателот на Здружението на пензионери од Кочани, **Ѓорги Серафимов**. Тој ја истакна благодарноста до Сојузот што е дадена можноста да се биде домаќин и да се организира една ваква врвна манифестација со многубројни учесници. Во името на градот домаќин присутните ги поздрави **Спирко Георгиев**, претседател на Советот на Општина Кочани. Притоа тој и даде значење на успешната соработка што ја остварува Општината со Здружението на пензионерите на Кочани.

На присутните потоа им се обрати **Станка Трајкова**, секретар на ИО на СЗПМ која ја истакна одушевеноста што е повторно во Кочани, во градот на оризот и геотермалните води, во градот кој годинава е град на културата. Трајкова зборуваше и за значењето на ревиите како можност да се презентира богатото етнолошко, музичко и културно наследство чувано со години и векови, и наедно ја означи Десеттата ревија за отворена.






Први настапиј имаа претставниците на Здружението на пензионерите од Берово кои се претставија со 3 песни во исполнување на хорот, додека песната „Русе ле Русе" ја исполни Борис Грковски.

Здружението на пензионери од Виница на Ревијата се претстави со обичајот „Замесок" кој е поврзан со свадбените обичаи во Блатечко–виничкиот крај.

Делчевската пензионерска организација ја претстави пејачката група која исполни 2 песни, а наедно низ пијанечкото оро „Оро се вие" беше прикажан обичај на игра од Пијанечкиот крај.




ЗП Пехчево

Следуваше настапот на Здружението на пензионери од Македонска Каменица кои се претставија со женското трио: Стојка Милчева, Цветанка Христова и Славка Димитрова, додека Душко Богатиновски ја исполни песната „Сонце трепти да зајде". На сцената оригинален настап имаше машката игроорна група со познатото оро „Копачка" како и мешаната игроорна група со 2 ора, „Бате Геро" и „Ситната".

Здружението на пензионери од Пехчево се претстави со три песни во исполнување на Драган Колевски и Михаил Шоповски.





ЗП Кочани

Последни настапија членовите на Фолклорната и пејачката група при Здружението на пензионери од Кочани. Најпрвин Стојна Китанова ја исполни песната „Дено, ај сос мене", а Стојка Манасиева песната „Тоде, Тоде". На крајот мане Тасе Атанасов исполни шегобијна песна, додека Тоде Стојанов се претстави со песната „Мајка има едно чедо" од Осоговскиот крај. Следуваше и настапот на Фолклорната група.





ЗП Делчево

Во завршниот дел на здруженијата им беа врачени благодарници за учество на Ревијата. Учесниците на Десеттата регионална ревија во Кочани своето дружење го продолжија во хотелот „Национал" каде што низ игра и песна весело се дружеа до попладневните часови. Ова беше уште една добро организирана и осмислена ревија на која дојде до израз богатството од песни, обичаи и носии од Осоговијата, Пијанец и од Малешевијата. Здружението на пензионери на Кочани доби честитки од учесниците на Ревијата за успешната и квалитетна организација.

**Киро Герасимов**


ЗП Берово



# Takimi me përfaqësues të Lidhjes së shoqatava të pensionistëve të Maqedonisë me kryetarin e Qeverisë Nikola Gruevski



Kryetari i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë Nikolla Gruevski, i shoqëruar nga ministri për punë dhe politikë sociale Spiro Ristovski dhe ministri i shëndetësisë, Nikolla Todorov, patën një takim me përfaqësues të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë. Së pari herë, pas 66 viteve organizimi i pensionistëve në Maqedoni, premieri i vizitoj lokalet e pensionistëve.

Në këtë takim pensionistët u informuan se prej 1 janarit vitin e ardhshëm, do të ketë shërim pa pagesë spitalor për të gjithë pensionistët të cilët kanë pensione më të ulëta se mesatarja. Në takim u fol për shumë masa të cilat Qeveria në periudhën e kaluar i realizoi dhe planifikon të realizoj në periudhën e ardhshme, për pushim në kushte klimatike në banja dhe nismën nga pensionistët për Ligj të ri për organizimin pensionist në Maqedoni, për ndërtim shtëpish pensionistësh etj. Ishte vlerësuar se takimi ishte jashtëzakonisht domethënës, sepse pensionistët janë një ndër segmentet e rëndësishme në Republikës e Maqedonisë.

"Kërkuam mbrojtje të standardit jetësorë të pensionistëve pas rritjes së çmimeve të rrymës dhe nxehjes qendrore, por biseduam edhe për rritjen e pensioneve e cila duhet të ndodh në tri vitet e ardhshme, dhe si lidhje kërkuam të kemi ligj të ri për organizimin pensionist në Maqedoni", tha në takim kryetari i lidhjes Dragi Argirovski, organizatë e cila përfshinë rreth 245 mijë pensionistë. Argirovski theksoi se kanë dhënë mbështetje disa masave qeveritare, sidomos asaj të fundit për shërimin spitalor pa pagesë.

Ai, paraqiti Olimpiadën e 17 republikane të pensionistëve në të cilën do të garojnë 1.200 pensionist nga gjithë shteti, e që do të mbahet këtë vit nën patronazhin e premierit.

Me pranimin që garat sportive republikane të 17 të jenë nën patronazhin e premierit, ai ju bën nderim dhe respekt të madh të gjithë pensionistëve dhe njerëzve pleq në Maqedoni, për çka të gjithë e falënderojmë.

**Kalina S. Andonova**

# Rishikimi folklorik jubilar pensionist do të jetë nën patronazhin e Ministrit të kulturës Elizabeta Kançeska Milevska

Kohë më parë, Ministri për punë dhe politikë sociale, Spiro Ristovski dhe Ministri i kulturës Elizabeta Kançeska Milevska, realizuan një takim me kryetarin e Lidhjes së shoqatave



të pensionistëve të Maqedonisë, Dragi Argirovski. Takimi u bë me rastin e vitit jubilar të 10-të të Rishikimit të këngëve, muzikës dhe lojërave të pensionistëve.

Ministria e kulturës, këtë vit do të jetë patronazh i përgjithshëm i Rishikimit të 10- jubilar i këngëve, muzikës dhe lojërave të pensionistëve. Rishikimi mundëson përfshirjen e pensionistëve në jetën kulturore dhe publike, por edhe afirmimin e krijimtarisë burimore maqedonase dhe të vlerave kulturore, të të gjitha bashkësive etnike.

"Ngjarja do t'i bashkojë aktivitetet e mbi 40 shoqatave të pensionistëve të shtetit të cilat në dhjetë vitet e kaluara përmes manifestimit u përpoqën të ruajnë etnotraditën tonë dhe ta kultivojnë folklorin burimor qytetar", tha ministri i kulturës Elizabeta Kançeska Milevska.

"Përveç kontributit në ruajtjen e folklorit të pasur, në manifestim pensionistët insistojnë që me këngë burimore, veshje dhe instrumente të cilat po të mos ishin, do të mbeteshin në harresë, ajo është e rëndësishme edhe për atë se jep mundësi për shoqërim dhe për ditë më kualitative pensioniste", tha kryetari i Lidhjes së shoqatave të pensionistëve Dragi Argirovski.

Rishikimi jubilar i këngëve, muzikës dhe lojërave të pensionistëve do të mbahet më 25 shtator. Në Rishikim, përveç ministrit të kulturës, patronazh është edhe qyteti i Shkupit dhe kryetari i qytetit Koce Trajanovski. **K.S. A.**

**Olimpiada sportive pensioniste në Shkup**

# Fitues i përgjithshëm shoqata nga Ohri dhe Debarca




Garat e17-ta me radhë Republikane sportive të pensionistëve nën patronazhin e kryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë **Nikolla Gruevski**, u mbajtën me rastin e 66 vjetorit të organizimit të pensionistëve në Maqedoni dhe 21 vjetorit të pavarësisë së Maqedonisë.

Olimpiada republikane sportive e pensionistëve, së pari herë u mbajt në Shkup në ambientin e bukur të kompleksit të hotelit "New Star". Me këtë manifestim sportiv masiv, vazhdon tradita e aktivitetit të organizuar në korniza të organizatës së pensionistëve për zhvillimin e argëtimit dhe shoqërimit sportiv ndërmjet pensionistëve, si mënyrë më e mirë që të arrihet shëndet i mirë dhe jetë më e gjatë.

Në këtë manifestim, së pari, në emër të nikoqirit të garave, të pranishmit i përshëndeti **Metodija Novkovski**, kryetar i KE të ShP Gjorçe Petrov dhe kryetari i komunës Gjorçe Petrov, **Sokol Mitrovski**.

Garuesit dhe mysafirët i përshëndeti edhe kryetari i LShPM **Dragi Argirovski**, duke ju shprehur falënderim të madh për pjesëmarrjen, shoqërimin dhe unitetin. Më pas, të pranishmit i përshëndeti **Spiro Ristovski**, ministër për punë dhe politikë sociale.

Përshëndetje solemne të garave të 17-ta Republikane të pensionistëve ju shprehu **Nikolla Gruevski**, kryetar i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, ku edhe njëherë potencoi se Qeveria sillet me respekt dhe nderim ndaj popullatës së pensionistëve dhe se pensionistët janë me prioritet të lartë në Qeveri.

Në garat sportive morën pjesë 395 pensionist nga 38 shoqata, ndërkaq, garuan në 11 disiplina, një nga një dhe në ekipe.

Me rezultate më të mira për fituesin e përgjithshëm të garave të 17-ta të garave republikane sportive të pensionistëve u shpall ShP Ohër dhe Debarca, të cilët e fituan peharin kalimtar.

Olimpiada sportive e pensionistëve Shkup 2012 në të cilën morën pjesë 1150 pjesëmarrës dhe mysafir mbaroi në atmosferë shoqëruese dhe argëtuese, si ngjarje e cila gjatë do të mbahet në kujtesë dhe të ritregohet në mes pensionistëve.

**K.S.Andonova**

**Shoqata e pensionistëve Saraj**

# Verim i organizuar në bregdetin shqiptar

Shoqata e pensionistëve të komunës Saraj, viteve të fundit, për anëtarët e vet organizon dhe realizon verim të organizuar në bregdetin shqiptar. Këtë vit, respektivisht prej datës 02.09.2012 deri më datë 12.09.2012 një grup prej 52 pensionistësh, qëndruan në Kompleksin turistik Tirana, që gjendet në Golem 1, në Shqipëri.



Nga veruesit në këtë grup të moshës së tretë, kishte një numër të konsiderueshëm të cilët së pari herë kishin rastin të vizitojnë shtetin shqiptar, ndërkaq një numër tjetër së pari herë të verojnë në bregdet.

Verimi i përmendur u realizua jashtë sezonit turistik me çmime të kapshme për xhepin e kësaj kategorie. Vendosja ishte në hotel me tri haje në ditë dhe me kushtet shumë të mira.

Koha ishte shumë e përshtatshme. Edhe pse të gjithë ishin të moshës së tretë, gjatë qëndrimit 10-të ditorë, ju ndihmoi shëndeti, me disa përjashtime të cilat kishin të bëjnë me tensionin.

Përveç qëndrimit në bregdet, ata në grupe vizituan Durrësin dhe Tiranën. Ndërkaq, në të kthyer, vizituan qytetin e Elbasanit.

Të gjithë u kthyen shëndosh e mirë me dëshirë që t'ju ndihmoi shëndeti që vitin e ardhshëm të shkojnë përsëri. Grupin e udhëhoqi sekretari i shoqatës Mahir Duraku.

B.Bakiu

**SHP Ohër dhe Debërcë**

# Pensionistët nga jashtë të interesuar të pjesëtarin edhe në Fondin solidar

Pensionistët tonë të cilët kthehen nga shtetet e Evropës perëndimore si dhe nga Amerika, Australia dhe SHBA, janë të interesuar të anëtarësojnë në Shoqatën e pensionistëve të komunave Ohër dhe Debërcë. Ky interesim i të kthyerve tanë të cilët shfrytëzojnë pensione nga jashtë, është më i shprehur vitet e fundit. E njëjta vërehet edhe në këto muaj të verës kur shumë të kthyer janë të interesuar të anëtarësohen në shoqatën tonë, por kërkesa të këtij lloji ka edhe në shoqata tjera të vendit.

- Pas vendimit të Qeverisë, pensionet nga jashtë të merren edhe në Republikën tonë, Shoqata jonë e pensionistëve bëri ndryshime në Statut , - thotë Gjorgji Trpçeski, kryetar i shoqatës së pensionistëve në Ohër. Këshilli ekzekutiv i shoqatës solli vendim që të gjithë pensionistët e interesuar të kthyer nga jashtë t'i pranojnë dhe t'i shfrytëzojnë të gjitha beneficionet sikurse pensionistët e vendit.

Pensionistët nga jashtë, sikurse edhe pensionistët tonë, më së shumti janë të interesuar për furnizim me dru për nxehje me këste, furnizim me prodhime ushqimor, shërim në banja, si dhe shoqërim të ndërsjellë në ekskursione, aktivitete sportive dhe revyalet folklorike. Siç theksojnë ata vetë gjatë vizitave të përditshme në SHP Ohër dhe Debërcë, duan të paguajnë edhe mjete në Fondin solidar. Siç thekson kryetari i Këshillit ekzekutiv Trpçeski, në bashkëpunim me Lidhjen e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, bëhen përpjekje për shfrytëzimin e Fondit solidar për të cilin pensionistët nga jashtë çdo muaj duhet të ndajnë 120 denarë. Kjo pyetje, tani për tani mbetet e hapur. Sa më shpejtë të vendoset aq më mirë sepse është në interes edhe të pensionistëve nga jashtë edhe të shtetit.

**K. Spaseski**

**Seancë e KE të LSHPM**

# Intensifikohen përgatitjet për aktivitetet në shtator

Më 24.08.2012, u mbajt seanca e KE të LSHPM në të cilën u diskuta për aktivitetet e radhës të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve në muajin shtator. Kryetari i informoi anëtarët e KE të LSHPM për aktivitetet të cilat janë në rrjedhë dhe për aktivitetet në muajin shtator të cilat bëhen me rastin e shënimit të Ditës së pensionistëve në Maqedoni - 20 shtatori. Ndër të tjerat u theksua se në shtator do të mbahen shumë ngjarje të rëndësishme si:

Më 1 shtator, në Koçan do të mbahet edhe Revyali regjional i këngës, muzikës dhe lojërave, ndërsa më 2 shtator do të mbahet në Manastir.

Është mbajtur takim me ministren e kulturës Elizabeta Kançevska - Milevka dhe me ministrin për punë dhe politikë sociale Spiro Ristovski.

Më 26.08.2012, në lokalet e LSHPM, do të mbahet takim me premierin e Qeverisë së RM, ministrin për punë dhe politikë sociale Spiro Ristovski dhe me ministrin e shëndetësisë Nikolla Todorov. Kjo ndodh së pari herë në 66



vjetorin e ekzistimit të organizatës së pensionistëve, Premieri me dy ministra të rëndësishëm, me pensionistët të realizoj takim të tillë.

Më 11 shtator do të mbahen garat e 17 republikane të pensionistëve nën patronazhin e premierit të RM Nikola Gruevski, ndërkaq nikoqir është SHP Gjorçe Petrov. Garat do të mbahen në kompleksin e bukur të hotelit NENJ STAR në Vizbeg të Shkupit.

Më 25.09.2012 , do të mbahen Revyali i 10 jubilar i këngëve muzikës dhe lojërave nën patronazhin e ministrisë së kulturës dhe ministres Elizabeta Kançevska – Milevska dhe kryetarit të qytetit të Shkupit Koce Trajanovski. Takimi do të mbahet në Sallën universale në Shkup, ndërkaq nikoqir është Lidhja e Shoqatës së pensionistëve të qytetit të Shkupit.

U sollën gjithashtu edhe disa vendime ndër të tjerat edhe ajo e mbindërtimit të ueb faqes dhe në të të vihen të gjithë 50 numrat e gazetës "Pensioner plus"dhe në të ardhmen të vihen numrat e radhës të gazetës. Kjo është me rastin e numrit të 50 të gazetës dhe 3 viteve të ekzistimit të faqes. Vendimi u aprovua njëzëri.

**K.S.A**

MERKUR

Попуст 5% за најискусните

“Се што ќе посакам”

Секој Вторник и Петок во месецот
со приложена лична карта жени над 62год. мажи над 64год.

ПРОДАЖНИ ПРОГРАМИ
-Опрема за двор и градина
-Електрика и водовод
-Дрво и дрвени производи
-Алати и машини
-Бои и лакови
-Домаќинство



Контакт информации
Телефон: +389(02)3219 730
Факс: +389(02)3219 742
Емаил: general@merkur.eu
Веб адреса: www.merkur.eu

# Колкав треба да ни е пулсот?

Многумина и од помладата но и од повозрасната популација не знаат колкав треба да им е пулсот, за разлика од крвниот притисок за кои вредности речиси сите се информирани. Ова се должи главно на фактот што живините апарати за мерење крвен притисок кои најчесто ги поседуваат луѓето мерат само притисок, но не и пулс. Интересно е и тоа што поголемиот број лекари им даваат предност на овие апарати со кои човек тешко може сам да си измери притисок. На ова се надодава и намалениот слух кај постарите лица, а битно е слухот да е добар за ова мерење!

Но да се вратиме на пулсот и неговата големина. Нормалната срцева фрекфенција во мир е помеѓу 60 и 95 удари во минута. Срцев ритам помал од 60 удари во минута е срцева брадикардија, која претставува нормален ритам кај активни или поранешни спортисти. Срцев ритам поголем од 100 удари во минута без физичка активност, е срцева тахикардија која во некои случаи бара консултација со кардиолог. При физичка активност нормално е срцевиот ритам да се забрза, но постепено. Степенот на забрзување на срцевиот ритам зависи од физичката кондиција на индивидуата. По престанување на поголемата физичка активност, срцевиот ритам постепено се враќа во нормални граници.

Срцевата аритмија е непријатно чувство. Нагло, силно и брзо, регуларно или нерегуларно работење на срцето предизвикува страв кај секого и најчесто пациентот се жали дека го чувствува срцето како да сака да му „излезе од градите или како да му е в грло". Од кардиолошка гледна точка велат кардиолозите во вакви состојби многу е битно дали аритмијата:

– започнува и се смирува нагло или постепено

– дали е ритмична или аритмична

– колку долго трае

– дали е проследена со некои други симптоми

– дали се појавува за првпат или се повторува. (Доколку се повторува дали е постојано иста причината за појавување или нема некое правило).

– дали пациентот знае за некоја претходна срцева или друга состојба која може да доведе до неправилна работа на срцето

– дали аритмии или други срцеви заболувања има во семејството

– дали се појавува во текот на денот или ноќта, во мирување или при физичка активност, пред или по јадење

– дали е проследена со болка во градите, во стомакот или на друго место

– дали се јавува при состојба кога е покачена телесната температура.

Најчесто во основа кај срцевите аритмии не се работи за срцево заболување, но треба да се исклучат и други фактори кои може да доведат до тоа, како што се: дехидратација, психогени и социјални фактори, анемија, ендокринолошки болести (тироидна жлезда, надбубрежна жлезда), белодробни заболувања, како и одредени лекови. Секогаш да се побара консултација со кардиолог доколку срцебиењето е проследено со вртоглавица, конфузност, губиток на свеста, силна главоболка, потешкотии во дишењето, градна болка која се шири кон вратот, долната вилица, рамената или горниот дел од грбот, кога срцевиот ритам е побрз од 140 удари во минута и трае подолго од 30 минути без физичка активност, и кога аритмијата е проследена со покачен или намален крвен притисок.

Единствен доказ за постоење срцева аритмија е електрокардиограм за време на срцебиењето. За да се исклучи срцево заболување како причина за срцевата неправилна работа, треба да се направат рутински испитувања и тоа, електрокардиограм во мирување, 24–часовно следење на срцевиот ритам, како и ехокардиографија, потоа коронарен стрес–тест, доколку неритмичната срцева работа се појавува за време на физичка активност. Ако не се најде срцева причина на рутинските испитувања, а сепак постои срцебиење кое е побрзо од 150 удари во минута, се препорачува и инвазивна дијагностика. Што треба да се прави за да се намали забрзаната работа на срцето:

– пред се да се намали вознемиреноста и да се избегнуваат стресни ситуации

– да се намали конзумирање кафе, чај или други пијалаци кои содржат кофеин и друго кои можат да бидат причини за срцебиењето

– да се прекине со пушење и конзумирање алхохол

– да се избегнуваат стимулативни лекови

– да се избегнува храна која предизвикува алергија

– да се избегнуваат лекови против кашлица, настинка и бронхитис

– да се практикува редовна физичка активност, минимум 30 минути на ден, 5 пати во неделата

– да се намали телесната тежина, се разбира ако е зголемена.

Како и да е кога мерите притисок, а апаратот не мери и пулс, измерете го пулсот со броење на отчукувањата и гледање на часовникот, бидејќи така ќе дознаете колкав ви е пулсот и дали ви е рамномерен. Ако имате забелешки веднаш јавете се на лекар.

**Зора Кацеска**

# Стареењето и среќата

„Староста и не е така лоша ако се има предвид што и е алтернатива! Секој човек доколку има среќа да живее долго, неминовно ќе се соочи со староста" – рекол Морис Шевалије.

Лујза Хејз пак, во својата книга „Како да го излечите својот живот" вели:

„И мажите и жените се плашат од староста бидејќи создадовме идеал на вечна младост. Но, треба да ги отфрлиме предрасудите и кон староста и кон она што таа го носи, исто како што ги напуштивме и останатите предрасуди. Староста е нужен процес и доколку имаме привилегија да живееме доволно долго, тоа значи дека сме имале шанса да сториме повеќе во животот."

Интересно е мислењето за староста и на двојниот нобеловец Линус Паулинг, еден од најголемите научници на дваесеттиот век. Тој смета дека со правилна исхрана и дополнително внесување витамини заедно со другите здрави навики, можеме да го продолжиме животот за 20 до 30 години. Во неговата книга "Како да живееме подолго и да се чувствуваме подобро", корисна и за лаици и за научници, се елаборираат едноставни постапки кои не бараат големи трошоци и кои секој може да ги примени за подолг и поквалитетен живот. Пораката е дека некои витамини треба да се консумираат во поголеми количини отколку што можеме да ги внесеме преку исхраната, но поради биолошката индивидуалност секој мора сам да ја одреди оптималната доза. Паулинг своите теории ги испитал на самиот себе. Во последните 30 години од својот долг и плоден живот, секојдневно внесувал голема доза од витамин C и умрел во длабока старост на 94 години и бил со ведар и оптимистички дух!

Интересно е што многумина сметаат дека староста е поубав дел од животот и е помалку стресен затоа што е завршен работниот век, а борбата за материјален статус и општествен углед се минато. Човекот го напуштаат страстите кои не му даваат мир во младоста. Тој им се препушта на нештата за кои додека бил млад немал време. За среќата во старите денови, пресудно е да се биде во друштво на среќни и насмеани луѓе, но влијание имаат и карактерните особини и гените. За сè, па и за чувството на среќа, за здравјето и за должината на животот на прво место се гените и умешноста да се контролира стресот, а се друго како што е исхраната, пушењето... се помалку битни! Еве уште некои совети како да се биде посреќен особено во третата доба од животот:

- Да се избегнува споредувањето на својата со состојбата на другите по која било основа, како: здравјето, работата, богатството, изгледот.
- Да не се обвинува себеси без потреба за она што се случува.
- Да се прави разлика меѓу лоша здравствена и лоша психичка состојба бидејќи честопати човекот кога има болки мисли дека е болен, но и обратно.
- Пореално вреднување на секоја ситуација како би се избегнале големи разочарувања.
- Да се помага на другите, на оние кои бараат, но и на оние на кои им е неопходна помош.
- Да не се донесуваат општи и дефинитивни ставови врз основа на поединечни случаи.
- Да се направи попис на работи кои го подобруваат расположението и одвреме–навреме да се препрочитува пописот.

Се разбира дека овие препораки можат да важат и за помладите.

**подготвила Таска Гавровска**

Средба со Видан Коневски, претседател на ЗП Македонска Каменица

# Активности и резултати за почит



Поттик за разговорот со претседателот на ЗП Македонска Каменица беше извонредниот настап на претставниците од здружението на неодамнешната Ревија на песни, музика и игри во Кочани. Настапот на пензионерите беше неверојатен. Играорците играа како вистински професионалци: лесно, убаво, со душа и со срце. По завршувањето на Ревијата го побарав претседателот Видан Коневски за да му честитам.

**● Настапот на Здружението беше исклучително добар. Како да играа пензионирани игроорци од Ансамблот „Танец". Дали во се е така добро Вашето здружение?**

– Се надевам дека нема да биде нескромно ако мојот одговор биде потврден. Можеме да се пофалиме со мошне добри активности и разултати кои можат да им служат за пример на другите здруженија.

Здружението е формирано во 1997 година издвојувајќи се од ЗП Делчево. Не сме многу на број, 1.163 пензионери од сите видови и категории, но бројот на нашите активности е голем. Ова што сме сите заедно е добро, а дека тоа е така покажа Иницијативниот текст на предложениот Закон за пензионерско организирање во Македонија каде што принцип на организирање е по територијална основа. Здружението одлично функционира затоа и постигнува резултати.

**● Од кога сте претседател на ЗП Македонска Каменица?**

– Ова ми е втор мандат. Пред мене беше претседател Симеон Ангелов. За претседател бев избран со акламација, немаше друга кандидати, ниту гласови против. Со изборот ми направија чест, но јас се трудам довербата да ја оправдам. Во мојот прв избор беа оформени сите комисии и тела и тие беспрекорно работат. Секоја година учествуваме на регионалните спортски натпревари, но и на републичките и постигнуваме завидни резултати.

Учествуваме и на регионалните ревии на песни, музика и игри, а оваа година ќе настапиме и на јубилејната 10 Републичка ревија.

Секоја година организираме и екскурзии. Речиси и да нема некој од членовите од нашето здружение кој не отишол на екскурзија, а некои биле повеќе пати. Секогаш превозникот го избираме на тендер. Еден од поголемите зафати оваа година ни беше собирот кај Еленец на кој дојдоа пензионери речиси од сите здруженија. Организацијата беше беспрекорна.

За бањско лекување партиципираме 30 % без разлика на висината на пензијата.

На болни и стари изнемоштени членови им одиме во посета. Им носиме скромни пакети со храна и производи за хигиена. Но за нив најголем подарок е нашата посета. Не пречекуваат и испраќаат со солзи радосници во очите, како што се дочекува и испраќа најмил и најдраг гостин!

**● Соработувате ли со локалната самоуправа?**

– Да, и тоа одлично. Градоначалникот д-р Дарко Митревски не поддржува во секоја активност и манифестација. На сите поголеми собири е присутен и помага во решавањето на сите наши проблеми. Со тоа придонесува ние пензионерите да се чувствуваме присутни и активни и нашето стареење да ни биде похумано и посодржајно. Општината често пати и ни помага, колку што може, за стандардот да ни биде подобар, а животот подостоинствен. Исто така, одлично соработуваме со други институции и организации во градот како што се: Рудникот Саса, Стопанска Банка и други.

**● Да се вратиме на Вашиот настап на 10 Регионална ревија на песни, музика и игри. Долго ли се подготвувавте што бевте беспрекорно добри?**

– Се подготвувавме околу два месеца, но игравме така добро затоа што ни удираше и срцето и душата. Сакавме да покажеме дека можеме иако сме пензионери, возрасни луѓе и сме жители на едно мало гратче. Игроорците се од Македонска Каменица но и од околните села. Многумина од нив живеат во раштркани рурални простори и желни се за дружење, за песна, за оро.

**● Оваа година се навршуваат 15 години од Вашето постоење. Како ќе го одбележите Вашиот јубилеј?**

На 20–ти септември Денот на пензионерите на Македонија ќе имаме другарска вечер. Во намера сме нашето постоење да го овековечиме и со запис, можеби со монографија. Но за прославата и за се друго во некоја друга прилика.

**● И на крајот, кажете ни неколку збора нешто лично за Вас. Кој сте, од кога сте пензионер?**

– Пензионер сум од 2001 година. По професија сум геодет. Работата во Здружението ме исполнува и ме релаксира. Не е се така лесно и едноставно. Но како што се вели, кога се сака се се може. Успесите ми носат радост и сатисфакција. Бев многу задоволен, на пример од одличната организација минатата година на регионалните спортски натпревари и на 9–тата Регионална ревија на која нашето здружение беше домаќин. Но, сите успеси и резултати не се само мои, туку и на целото раководство и на сите пензионери членови на нашето здружение. Дека сме навистина добри потврдија и нашиот Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија и нашиот претседател Драги Аргировски. Тоа е уште еден голем поттик да бидеме уште подобри.

Геодет! Затоа е се под конец во ова пензионерско здружение под раководство на Видан Коневски, кој покрај другото има уште една многу важна фукција. Тој е и дедо на четири внуци!

**Калина С. Андонова**

# Активистка за пример

Драгица Атанасовска или како што сите ја викаат Даца е две години во пензија, а сепак е една од најактивните меѓу пензионерките во Драчево. Нејзината активност веројатно се должи и на нејзиниот карактер. Секогаш орна за разговор, полна со животна енергија, инвентивна, љубопитна и секогаш подготвена, да пофали но и да покуди според ситуацијата. Таква беше Даца и пред да стане пензионерка, а таква е и денес. Токму затоа е омилена и добредојдена во секој настан, во секое дружење. Иако е во втората половина од седмата деценија од животот, на виталноста и на изгледот можат да и позавидат и многу помлади од неа.



Денес таа е секретар на одборот на Огранокот во Драчево кој припаѓа на ЗП Кисела Вода. Со сета своја енергија, знаење и умеење секојдневно се труди да им го разубави денот на своите колешки пензионерки организирајќи им седенки, концерти, родендени, забави, екскурзии и друг вид на дружења. Но Драгица и нејзините колешки и другарки не ги забораваат и болните и изнемоштените, децата... Хуманитарните акции се присутни во нивните активности. Покрај тоа што е активна во здружението таа е и активна спортистка.

За сите овие активности таа има добиени повеќе награди и признанија.

**К.С.А.**

# Две нови книги од Спасикова

По едногодишна пауза, деновиве со две нови книги пред охридската културна јавност се претстави писателката Цвета Спасикова пензионерка од Штип. Ги промовираше двете нови книги стихозбирката на патриотска поезија „Македониум" и стихозбирката поезија за деца „Бисерен Ѕвон".



Во првата стихозбирка на патриотска поезија „Македониоум" директорката на Домот на културата „Григор Прличев" Драгана Боцеска , рече дека, писателката Спасикова ја воспева својата земја славејќи го нејзиното славно херојско минато погледнато од денешен аспект. Таа, сепак, инсистира да не се заборават измачувањата и страдањата што ги носи секоја војна, ниту жртвите за слободата и нивното херојско дело во создавањето на Македонија од илинденскиот период до денес.

Промоторот на стихозбирката „Бисерен Ѕвон" Роза Костеска истакна дека напливот на инспирација за Спасикова да ја напише оваа книга е огромната љубов што ја негува кон децата, а таа љубов несебично преку песна им ја дава на сите и ги учи како тие да ја сакаат, почитуваат и како да ја изразуваат љубовта.

Промоцијата на новите книги на писателката Цвета Спасикова во Охрид, беше проследена и со читање стихови од двете стихозбирки во интерпретација на актерката Билјана Билаловиќ и со неколку староградски песни во исполнение на пејачката група „Распеани охриѓани" од ЗП Охрид и Дебрца.

**К.Спасески**

# 150 пензионери летуваа во Драч

Во организација на Здружението на пензионери Тетово 150 пензионери летуваа на крајбрежјето на Јадранско Море во околината на Драч. Годишноодморците беа распоредени во две смени кои траеја по осум дена. Поради релативно ниските цени на аранжманот, договорени со превозникот и сопственикот на хотелот, на ова летување беа опфатени пензионери со ниски примања. Токму овој податок предизвика голем интерес кај пензионерите. Само поради ограничените капацитети на хотелот, не можеа да се задоволат побарувањата на сите заинтересирани.

Домаќин на претстојот беше хотелот „Балкан", кој се наоѓа десетина километри јужно од Драч. Сопственикот Цибуш Хазири направи сѐ тетовските пензионери да се чувствуваат навистина годишно–одморски. Сместувањето во хотелот беше во двокреветни и трокреветни соби со сите услови за удобен претстој. Храната во ресторанот беше прилагодена на традиционалните јадења од нашиот крај. Услугата на персоналот на високо ниво. Секој пензионер имаше сопствена лежалка на пространата плажа, како и чадор за заштита од сонце. Плажата беше навистина како измислена за оваа категорија одморци. Во двете смени организирани од 24 август до 9 септември, времето беше наклонето на пензионерите. Од сите овие причини, задоволството кај сите што се одмараа на плажата „Шкмби Кавајас" посакаа Здружението на пензионери Тетово да преземе благовремени мерки за организирано летување и наредната година.



**С. Димоски**

# „Пензионерите пеат 2012"

Домот на културата "Иван Мазов Климе" во Кавадарци беше место каде пензионерите од 11 здруженија од Македонија во најдобро светло ги покажаа своите вокални способности и пеејќи ги староградските изворни народни песни. Манифестацијата „Пензионерите пеат" 2012 се одржува веќе деветта година. Најпрвин на присутните им се обрати претседателот на Собранието на ЗП Кавадарци **Трајчо Јанкулов** и претседателот на Советот на општина Кавадарци **Илија Тренчев**. Пензионерите покажаа висок музички квалитет, богатство од староградски изворни носии, а испеаа и песни од подрачјата од кои доаѓаат. Се претставија вкупно 240 пензионери, 12 групи од 11 здруженија: ЗП и ЗИП Кавадарци, ЗП Валандово, ЗП Неготино, ЗП Прилеп, ЗП Кочани, ЗП Битола, ЗП Гевгелија, ЗП Богданци, ЗП Нов Дојран, и ЗП Велес.

Како убава увертира беше изложбата на фотографии во галеријата на Домот на културата на познатиот пензионер Ване Лелов, кој со својот апрат за кратко време успеал да опфати доста од активностите и дружењето на пензионерите од овој град и пошироко. За изложбата говореше претседателот на ИО на ЗПК инг. **Ристо Анѓушев** кој ги поздрави присутните и семејството Лелови.



Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** не ги штедеше пофалните зборови за пензионерите од Кавадарци, а меѓу другото рече.

– Манифестацијата „Пензионерите пеат"е убава подготовка на овие здруженија што ќе учествуваат на нашата републичка ревија на песни музика и игри, која ќе се одржи на 25 септември во Скопје. Ние како сојуз инсистираме да има што поголем број вакви културни настани кои им го разубавуваат животот на пензионерите."



Манифестацијата заврши во пријатна дружба. Пензионери покажаа и докажаа дека знаат да уживаат во благотите на животот и како да си поминат незаборавни заеднички мигови.

**Мартина Јованова**

ЗП Охрид и Дебрца

# Повратниците од странство бараат членство во здруженија

Наши пензионери повратници од Западно европските земји, Америка, Австралија, и САД, се заинтересирани да членуваат во Здружението на пензионери на општините Охрид и Дебрца. Ваквиот интерес на нашите повратници кои користат ссрански пензии во родниот крај најизразит е последниве неколку години. Истото се случува и во овие летни месеци кога многу скорешни повратници се интересираат за зачленување во нашето ЗП.

– Од овие причини неодамна, нашето Здружение на пензионерите изврши измени во статутот, по одлуката на Владата, странските пензии да се примаат и во нашава Република, – вели Ѓорѓи Трпчески, претседателот на Охридското здружение. Извршниот одбор на здружението донесе одлука сите заинтересирани пензионери повратници од странство да ги прифатат и да ги користат сите бенефиции како и домашните пензионери.

Странските пензионери впрочем како и нашите пензионери, најмногу се заинтересирани за набавка на огревно дрво на рати, снабдување со прехрамбени продукти, бањско лекување, како и меѓусебното дружење на екскурзиите, спортските активности и фолклорните ревии. Странските пензионери како што самите изјавуваат при секојдневната посета на ЗП Охрид и Дебрца, одлучно сакаат да плаќаат и средства во Солидарниот фонд. Како што истакнува претседателот на Извршниот одбор Трпчески, во соработка со Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, се прават напори и за користење на Солидарниот фонд за кој месечно треба и странските пензионери да издвојат 120 денари. Ова прашање, барем засега останува отворено. Колку поскоро би се решило ова прашање, толку подобро, бидејќи е во интерес и на странските пензионери и на државата.

**К.Спасески**




## ЗАНИМЛИВОСТИ

● Најдолга веридба некогаш запаметена во историјата траела цели 67 години. Бидејќи сметале дека се многу млади кога се сретнале, Октарио и Адријана сакале подобро да се запознаат пред да стапат во брак. И конечно, после 67 години забавување се венчале, но не биле во цветот на младоста, туку двајцата имале по 82 години.

● Дека за љубовта никогаш не е доцна, го потврдува случајот Хари Стивенс. Кон крајот на минатиот век, Хари официјално постанал најстар младоженец на светот. На 103 години се оженил со Телма Лукас која имала 84 години. Фантастичната церемонија на венчавката била извршена во Висконсин, во Америка.

● Мини Манро е уште еден доказ дека љубовта не знае за години. Мини со 102 години одлучила на љубовта да и даде уште една шанса. Избраник на нејзиното срце бил деветнаесет години помладиот господин по име Дадли Рајд, а оваа несекојдневна венчавка се одиграла во Поинт Клер во Австралија.

● Два пара го држат рекордот во категоријата најдолговечни брачни заедници. Господин и госпоѓа Нман се венчале 1853 година и во брак останале се до неговата смрт, поточно до 1940 година. Другиот пар има само една година пократок брачен стаж. Лазарус Роув и Моли Вебер биле во брак цели 86 години, од 1743 до неговата смрт во 1829 година.

● Во 18 век, госпоѓа Васиљева го оборила светскиот рекорд во бројот на деца и породувања. Имено, оваа Русинка, сопруга на Фјодор Васиљев од село во околината на Москва, изродила 69 деца кои ги носела 27 пати. Близнаци носела 16 пати, тројки седум пати, а четворки дури четири пати. Сите деца биле родени во период од 1725 до 1765 година.

● Ласкавата титула татко со најмногу деца ја носи Мулај Исмаил Ибн Шариф. Овој мароканскиот цар кој владеел до 1727 година имал богат харем од 500 жени, кои му подариле вкупно 1042 потомци. Статистиката кажува за да се изродат толкав број деца, било потребно Мулај Исмаил во просек да води љубов со 1,2 жени секој ден во текот на 60 години.

● Омкари Панвар од Индија станала најстара мајка на светот кога на 27 јуни 2008 година, во седумдесетата година од животот, родила здрави близнаци, момче и девојче. Таа претходно имала две ќерки и пет внуки, но на овој чекор се одлучила на својот сопруг да му подари машки потомок кој силно го посакувал.

**З. Кацеска**

## КРСТОЗБОР




## Хумор

Го прашува учителката Кире:
– Од каде добиваме Кире струја?
– Од џунгла учителке.
– Како, од каде пак сега струја од џунгла? Кој ти кажал?!
– Татко ми. Секогаш кога ќе снема струја тој вели: А оние мајмуни пак ја исклучија струјата!

* * *

Дошол Митре кај Трпета на гости. Ја гледа Трпеица се држи за уста и молчи.
– Што и е?
– Се олути од пиперките што ги купив денес.
– А да ми дадеш некоја на заем за мојана?

* * *

Млад кандидат полага возачки испит. Инструкторот го прашува:
– Возиш кола. Пред тебе згодна женска, и стара баба. Што ќе згазиш?
– Па, бабата.
– Падна. Треба да ја нагазиш кочницата!

* * *

Како животните одат на одмор?
– Лавот сам.
– Тигарот со љубовница.
– А Мајмунот со жена.

* * *

Зошто петелот пее в зори?
– Затоа што не смее да писне кога ќе се разбудат кокошките.

* * *

Го прашува бабата својот дедо:
– Зошто не јадеш? Рече дека си гладен како волк!
– А кога си видела ти волк да јаде секој ден млеко и леб?

* * *

Што е бе Тошо, што повторуваш везден: „Машка психологија, машка психологија!"
– Како што бе?! Секој втор маж сака да спие со туѓа жена, а ваму ни пијан не би се послужил ниту со лажицата од нејзиниот маж!!

**Избор: К.С.А.**

## Чавката и гулабите



M.T.

**Кога чавката видела во еден гулабарник колку убаво ги хранат гулабите, се набелила и отишла и таа да се дограби до таков начин на живот. Гулабите ја оставиле меѓу нив, додека молчела, но кога таа се заборавила и пуштила глас, ја познале, ја натепале и ја избркале. Тогаш таа пак се вратила кај чавките. Арно ама, поради белата боја тие не можеле да ја препознаат и не ја прибрале. Така, набеленета чавка на крајот останала сама да живее.**

Битола: Десетта регионална ревија на песни, музика и игри

# Музика и песни во прекрасно шаренило од бои и везови


Томе Илиоски


Владимир Талевски


Драги Аргировски

Оваа година на втори септември во големата сала на Центарот за култура во Битола, се одржа 10-тата фолклорна Регионална ревија на песни, музика, и игри. Пред преполнетата сала на Центарот, на пензионерите од Битола и од другите градови, со свои фолклорни изведби им се претставија осум здруженија од југозападниот дел на Македонија и тоа: Охрид и Дебарца, Прилеп, Македонски Брод, Демир Хисар, Битола, Кичево, Крушево и Дебар.

Учесниците и присутните на регионалната средба ги поздрави претседателот на битолските пензионери **Томе Илиоски**, кој посакувајќи им добредојде и убав помин во градот, нагласи:

„Ми претставува особена чест и задоволство што овие јубиларни Десетти регионални средби се одржуваат токму во Битола, при што домаќин е нашето Здружение на пензионери."

Од колку голема важност е оваа манифестација сведочи и присуството на претседателот на Сојузот на пензионери на Македонија Драги Аргировски, на Владимир Талевски, градоначалник на Битола, Лазар Котевски, градоначалник на Општина Новаци и Славко Велевски, градоначалник на Општина Могила. Во името на градоначалниците и на гостите, присутните на манифестацијата ги поздрави градоначалникот на Битола **Владимир Талевски**.

Давајќи значење на Ревијата и искажувајќи го задоволството од враќањето на ЗП Битола во најбројната пензионерска организација во Македонија, во старото јато, претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** во краткиот говор, истакна:

„Прогласувањето на 2012 година за Европска година на активно стареење и меѓугенерациска соработка и солидарност ни даде посебен поттик за голем број активности, меѓу кои значајно место имаа овие ревии на кои пензионерите инспиративно пеат, играат и свират, давајќи придонес во зачувување на културното богатство и идентитет на сите кои живеат на овој убав дел од Балканот. Овие верни чувари на фолклорот, заедно со обичаите и традициите се светол пример за помладите генерации. Песната како верна придружничка на душата беше повод во 2003 година во Пробиштип да се оддржи првата ревија на која учествуваа само девет здруженија. Годинава, ревии се оддржаа во шест региони на кои учество зедоа вкупно 45 здруженија, или за пет пати повеќе. Прогресот е очигледен, со што значително се збогати културното живеење на пензионерите, се афирмира македонското изворно творештво и културните вредности на сите етнички заедници кои живеат во Република Македонија.

Јубилејот достојно ќе го одбележиме на 25 септември со концерт на најдобрите годишни остварувања и тоа на Републичка ревија на песни, музика и игри во Универзалната сала во Скопје.

Ова е исклучително значајно, бидејќи со нашите активности и зголемениот рејтинг покажавме дека пензионерите се еден од најзначајните сегменти на Република Македонија. Со оваа констатација ја прогласувам Десеттата регионална ревија на песни, музика и игри во Битола, за отворена".

Во прекрасна слика на шаренило од бои и везови на народните носии и во исклучително пријатна и емотивна атмосфера, со многу внимание и во весело расположение беа проследени настапите на фолклорните групи на Ревијата, а водител беше Светлана Петковска.

По завршувањето на манифестацијата за гостите беше организирана забава во ресторанот „Император", каде што покрај дружењето, размената на мислења и искуства и средбите на старите познајници, во видно расположение, ги забавуваше реномирана музичка група од Битола.

Крајот на Десетта регионална ревија на песни, музика и игри, беше одбележан со доделување признанија на учесниците, кои во име на СЗПМ ги врачи Илија Адамоски, член на ИО.

**Добре Тодоровски**


ЗП Битола и ЗП Прилеп


ЗП Македонски Брод


ЗП Кичево


ЗП Охрид и Дебрца


ЗП Демир Хисар


ЗП Битола


ЗП Крушево


ЗП Дебар и Центар Жупа


ЗП Прилеп





## Републичка јубилејна ревија на песни, музика и игри на 25-ти септември во Скопје

На 25 септември, во Универзалната сала во Скопје ќе се одржи Републичка јубилејна ревија на песни, музика и игри под покровителство на министерката за култура на Република Македонија Елизабета Канческа – Милевска, како генерален покровител и на градоначалникот на Скопје Коце Трајановски, кој овозможи салата да биде добиена бесплатно. Домаќин на оваа Ревија ќе биде Сојузот на здруженијата на пензионери на град Скопје. Ревијата е во чест на Денот на пензионерите на Македонија – 20 септември. Ќе има многу музика, песни, ора... Живописните бои на носиите ќе бидат празник за очите, а подзаборавените песни празник за душата. Влезот е слободен.